Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
Бр.-Nr. 09 - 2020/1
13 . 02 20 20 год.-viti
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

# МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА 2019 ГОДИНА

МИНИСТЕР
dr. Hysni Ismaili

Скопје, ______ февруари 2020

**Изготвиле:**
Б. Ибраими (виш.сор.)
С. Иванова Китанова (пом.рак.на сек.)
М. Нича (виш сор.)
Љ. Зајази (рак.на одд.)
М.Џунова (над.сор.)
М.Аџигогова (сор.)
И.Мехди (над.сор.)
Е.Варошанец (пом.сор.)
З. Андоновска (рак.на одд.)
Б. Тураровска-Ќупева (рак.на одд.)
Д.Спасова (сов.)
И.Абази (сов.)
К.Брајковска (пом.сор.)
Р.Амети (сов.)
Л. Јанева (рак.на одд.)
Г. Стојанова (рак.на одд.)
А. Георгиевски (пом.рак.на сек.)
Ф. Ѓоршовска (рак.на одд.)
М. Седрак (рак.на сек.)

**Одобриле:**
М. Ѓоргова (рак.на одд.)
Д. Маџоски (држ.сов.)
И. Димовска (држ.сов.)
Д.Џепароска (пом.рак на сек.)
А. Демири (рак.на сек.)
В. Попоски (рак.на сек.)
Н. Тошанова (рак.на сек.)
М. Диковска (рак.на сек.)
В. Илиевска (држ.сов.)
С. Синан (рак.на сек.)

**Контролирале:**
И. Мислими (каб.служ.)
А. Јашари (каб.служ.)
А. Елези (каб.служ.)
О. Ливриниќ (каб.служ.)

**СОДРЖИНА**

1. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
2. СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА . . . . . . . . . . . . .
    - Драмска дејност
    - Музичко-сценска дејност
    - Фолклорна и сценско-уметничка дејност
    - Визуелни уметности, архитектура и дизајн
    - Интердисциплинарна дејност - мултидисциплинарна програма
3. СЕКТОР ЗА ЛИТЕРАТУРА И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . . . . . . .
4. СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
5. СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА СО УНЕСКО НА РСМ . . . . . . . .
6. СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКИ ИНТЕГРАЦИИ . . . . . . . . . . . . .. . . . . . . . . . . . . . . .. . . . . . . .. . . .
7. СЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
8. СЕКТОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . .. . . . . . . .
9. СЕКТОР ЗА НОРМАТИВНО-УПРАВНИ РАБОТИ И ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
10. СЕКТОР ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
11. СЕКТОР ЗА СЛЕДЕЊЕ, РАЗВОЈ И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
    - Логистичка поддршка
    - Државни награди

## 1. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА

Вкупниот буџет на Министерството за култура за 2019 година изнесуваше **3.140.216.000,00 денари, и тоа:**

1. Буџетот на Министерството за култура изнесуваше **215.050.000,00 денари;**
2. Буџетот за финансирање на дејностите од областа на културата изнесуваше **2.925.166.000,00 денари.**

Со донесувањето на Ребалансот на Буџетот за 2019 година, Буџетот на Министерството изнесуваше **3.225.879.000,00 денари,** и тоа:

1. Буџет на Министерството за култура – **204.493.000,00 денари;**
2. Буџет за финансирање на дејностите од областа на културата – **3.021.386.000,00 денари.**

## 2. СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА

- **Драмска дејност**

Во 2019 година Буџетот за драмската дејност изнесуваше околу 85.000.000,00 денари. Со финансиска поддршка од Министерството за култура, реализирани се вкупно **96 проекти**: 64 професионални претстави (47 премиери во театрите и во центрите за култура и 17 независни проекти, од нив: 44 на македонски јазик, 17 на албански јазик и 3 на турски јазик), 4 проекти од категоријата аматерски/непрофесионални претстави, 2 гостувања, 24 театарски фестивали и манифестации, 1 публикација и 1 работилница, истражувачки и едукативен проект, односно:

- **47 премиери на национални установи** – театри и центри за култура со посебна организациона единица професионален театар;
- **17 проекти од театарска продукција на професионални претстави** - 8 проекти на македонски и 9 проекти на албански јазик во 7 општини (9 во Скопје, 2 во Куманово, 2 во Тетово и по 1 во Гостивар, Прилеп, Крушево и во Кичево);
- **4 проекти од театарска продукција на непрофесионални/аматерски претстави** - 2 проекта на македонски јазик и по 1 проект на албански јазик и на турски јазик во 3 општини (1 во Скопје, 2 во Гостивар и 1 во Радовиш);
- **2 гостувања во РСМ** (Гостување на НУ Театар за деца и младинци од Скопје во ОУ Дом на културата од Свети Николе и „Вистинска апологија на Сократ“ - монодрама, режија и изведба на Мируш Кабаши од Албанија во НУ Центар за култура од Тетово);
- **24 фестивали и манифестации** (19 од програмата на драмската дејност и 5 од програмата на културно-уметнички манифестации) во 12 општини (10 во Скопје, 2 во Битола, 2 во Струмица, 2 во Дебар и по 1 во Прилеп, Кочани, Куманово, Гостивар, Тетово, Виница, Штип и во Струга);
- **1 публикација** (на албански јазик);
- **1 работилница, истражувачки и едукативен проект.**

Во 2019 година имавме можност да проследиме изведба на дела во режија на афирмирани режисери од странство и од земјава кои побудија голем интерес кај публиката, и тоа:

- режисери од странство: Јавор Грдев, Бранко Брезовец, Мирјана Медојевиќ, Игор Вук Торбица, Егон Савин, Иван Лео Лемо, Давор Драгојевиќ, Доналд Ворен Мофет, Ѓерѓ Превази итн.
- домашни режисери: Владимир Милчин, Љупчо Ѓорѓиевски, Синиша Евтимов, Наташа Поплавска, Зоја Бузалковска, Нела Витошевиќ, Срѓан Јаниќијевиќ, Васил Христов, Деан Дамјановски, Јане Спасиќ, Александар Ивановски, Андреј Цветановски, Сулејман Рушити, Куштрим Бектеши, Илир Бокши, Бесфорт Идризи, Драгана Милошевски-Попова, Кристина Димитрова, Ирена Стеријовска, Билјана Радиновска, Ивана Ангеловска, Трајче Ѓорѓиев, Ана Батева, Милош Андоновски итн.

Застапени беа многу режисери од сите генерации кои реализираа премиери по текстови од врвни дела од светската драматика, како и дела од домашното творештво. Станува збор за следниве автори:

- автори од странство: Вилијам Шекспир, А. П. Чехов, Мартин Мекдона, Луси Кирквуд, Мишел де Гелдерод, Томас Бернхард, Луиџи Пирандело, Жан Пол Сартр, Франсис Вебер, Марк Твен, Жорж Фејдо, Карло Голдони, Марк Камолети, Макс Фриш, Јон Лука Караџале, Едвард Бонд, Џон Мајтон, Денис Магнусон, Роланд Шимелфениг, Ерик Емануел Шмит, Јасмина Реза, Михаил Булгаков, Маја Пелевиќ, Љубомир Симовиќ, Биљана Србљановиќ,
- домашни автори: Дејан Дуковски, Горјан Милошевски, Али Ќерими...

Новиот национален театар, Гостиварски театар, свечено беше отворен со премиерата „Натан мудриот" од авторот Готхолд Ефрем Лесинг, во режија на Сулејман Рушити, на 13.12.2019 година и реализира уште една премиера до крајот на годината - „Скокај, танцувај, летај!" – детска/младинска кореодрама во режија на Ѓерѓ Превази (28.12.2019).

**Владата на Република Северна Македонија на седница одржана на 24 декември 2019 година донесе одлука за основање нова национална установа „Албански театар за деца и млади" во Скопје, која ќе има седиште на улица „Евлија Челебија" бр. 1 во Скопје.**

На следната табела е прикажана застапеноста на одобрените проекти по националности:

| Вкупен број на реализирани проекти според етничка припадност | македонски | албански | турски | ромски | вкупно | процент |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Професионална продукција | 44 | 17 | 3 | | 64 | 67% |
| Фестивали и манифестации | 15 | 8 | | 1 | 24 | 25% |
| Драмски аматеризам | 2 | 1 | 1 | | 4 | 4% |
| Гостувања во РМ | 1 | 1 | | | 2 | 2% |
| Публикации | | 1 | | | 1 | 1% |
| Работилници, истражувачки и едукативни проекти | 1 | | | | 1 | 1% |
| **ВКУПНО** | **63** | **28** | **4** | **1** | **96** | **100%** |
| **Процент** | **66%** | **29%** | **4%** | **1%** | **100%** | |

Застапеноста на реализираните проекти по општини е прикажана на следнава табела:

| Поддржани проекти по | **Национал ни** | **Поддржани по Конкурс** | **Вку** |
|---|---|---|---|

| општини | установи | | | | | | | | пно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Претстави | Фестивали | Незав. продукција | Фестивали и манифестации | Драмски аматеризам | Гостувања во РМ | Публикации | Работилници, истраж. и едукат. проекти | |
| **1. Скопје** (додадени се МОТ, Скупи фестивал и Акт-фест) | 21 | | 9 | 10 | 1 | | | 1 | **42** |
| **2. Битола** | 3 | 1 | | 1 | | | | | **5** |
| **3. Прилеп** (додаден е фестивалот МТФ Чернодрински ) | 3 | | 1 | 1 | | | | | **5** |
| **4. Велес** | 3 | | | | | | | | **3** |
| **5. Куманово** | 5 | 1 | 2 | | | | | | **8** |
| **6. Штип** | 3 | 1 | | | | | | | **4** |
| **7. Струмица** | 3 | 1 | | 1 | | | | | **5** |
| **8. Тетово** | 2 | 1 | 2 | | | 1 | 1 | | **7** |
| **9. Охрид** | 2 | | | | | | | | **2** |
| **10. Дебар** | | | | 2 | | | | | **2** |
| **11. Гостивар** | 2 | | 1 | 1 | 2 | | | | **6** |
| **12. Радовиш** | | | | | 1 | | | | **1** |
| **13. Кочани** | | | | 1 | | | | | **1** |
| **14. Струга** | | | | 1 | | | | | **1** |
| **15. Виница** | | | | 1 | | | | | **1** |
| **16. Кичево** | | | 1 | | | | | | **1** |
| **17. Крушево** | | | 1 | | | | | | **1** |
| **18. Свети Николе** | | | | | | 1 | | | **1** |
| **Вкупно** | **47** | **5** | **17** | **19** | **4** | **2** | **1** | **1** | **96** |

Продукцијата на националните установи – театри и центри за култура е прикажана на следнава табела:

| р. бр. | Установа | Број на реализирани проекти во 2019 година | | | | останува за реализација во 2020 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | обвр. од програма 2018 | од сопствени средства и други извори | по програма 2019 | вкупно | |
| 1 | НУ МНТ - Скопје | | 1 | 4 | 5 | 1 |
| 2 | НУ Драмски театар - Скопје | | 1 | 4 | 5 | 1 |
| 3 | НУ Народен театар - Битола | 1 | 2 | 3 | 6 | 1 |
| 4 | НУ Албански театар - Скопје | 1 | | 2 | 3 | 1 |
| 5 | НУ Турски театар - Скопје | | 1 | 3 | 4 | |
| 6 | НУ Театар „Комедија“-Скопје | | 2 | 4 | 6 | |
| 7 | НУ Театар за деца и младинци - Скопје | | | 4 | 4 | |
| 8 | НУ Тетовски театар | | | 2 | 2 | |
| 9 | НУ Гостиварски театар | | | 2 | 2 | |
| 10 | НУ Центар за култура - Велес | | 2 | 3 | 5 | |
| 11 | НУ Центар за култура - Куманово | | 3 | 5 | 8 | |
| 12 | НУ Центар за култура - Прилеп | 1 | | 3 | 4 | 1 |
| 13 | НУ Центар за култура - Струмица | | 1 | 3 | 4 | |
| 14 | НУ Центар за култура - Штип | 1 | | 3 | 4 | |
| 15 | НУ Центар за култура - Охрид | | | 2 | 2 | |
| | **Вкупно** | **4** | **13** | **47** | **64** | **5** |

- **Музичко-сценска дејност**

Во рамките на музичко-сценската дејност за 2019 година се поддржани 213 корисници со вкупно 261 проект од национален интерес, за кои беше одобрен буџет во износ од 90.758.000,00 денари. Од вкупниот буџет, 48.503.000,00 денари беа наменети за финансирање на програмските активности на националните установи, додека 42.255.000,00 денари за финансирање проекти од други корисници.

Во рамките на програмските активности на националните установи Национална опера и балет и Национална филхармонија, беа реализирани премиерите на: „Аида“, „Кармен“, „Скендербег“ и 70 години балет - балетска премиера „Валпургиска ноќ“ и „Кармен“. Во рамките на концертната сезона на Националната филхармонија беа реализирани 24 симфониски концерти, 4 детски проекти и 7 камерни концерти и рецитали, а особено успешни беа детските концерти и проектот „Дизни“. Во оваа музичка сезона во Националната филхармонија гостуваа повеќе звучни имиња, меѓу кои: Биаба Скриде (виолина) од Латвија, Борис Брезовски (пијано) од Русија, Зизи (пијано) од Кина, Николас Алстед (виолончело) од Германија, Вадим Глузман (виолина) од Русија, Антони Вит (диригент) од Полска. Исто така, беше реализирана премиерна изведба на симфониски дела „Заратустра“ од Штраус.

Во рамките на програмските содржини на националните установи низ државава, поддржани се музички проекти и концертни претставувања на репродуктивни музички уметници од сите генерации и во повеќе различни формации, камерни состави во центрите за култура во: Тетово, Кичево, Дебар, Штип, Делчево, Куманово, Струмица, Битола и Прилеп.

Што се однесува на активностите на локалните установи, програмата беше збогатена со музички активности во домовите на културата низ Македонија и во локалните установи на територијата на Град Скопје, каде што беше забележителна дејноста на ЈУ Младински културен центар која традиционално го одржа Фестивалот на нова музика „Здраво млади“, како и манифестацијата „Звуците на чаршијата“ во организација на ЈУ Културно-информативен центар. Во Општина Крушево, пак, беше реализирана манифестацијата „Крушево будно“, потоа фестивалот „Макфест 2019“ во организација на Општина Штип, како и манифестацијата „Летна култура“ во Берово.

Беа реализирани многубројни концерти на млади уметници, како и на веќе афирмирани репродуктивни уметници, меѓу кои: Кристина Светиева, Сихана Јакупи, Фунда Али, Арда Мустафаоглу, Владимир Костов, Гордана Јосифова-Неделковска, Ана Гацева, Славица Петрова-Галиќ, Крсте Роџевски, Скопски солисти и многу други.

Сојузот на музички уметници на Македонија (СМУМ) традиционално го реализираше фестивалот „Златна лира“, на кој настапија нашите музички уметници: Дуо Гелебешеви, Љубиша Кировски, Камелија Дукова, Лига Скриде и Дани Жоговска, како и гостите: Хенрик Блажеј на флејта и Тереза Кабан на пијано од Полска.

Во рамките на Програмата за 2019 беа реализирани проекти со кои се одбележаа значајни јубилеи на истакнати уметници од музичко-сценската уметност: Гала-балетски концерт (70 години балет) - јубилеј во Националната опера и балет, Фестивалот на детска песна на македонски јазик „Радика фест 2019“ - јубилејно 10-то издание, издавањето на „Една по една“ - двојно музичко цеде на Горан Тодоровски по повод 25 години јубилеј, јубилејот 20 години музичка кариера на Ѓорѓи Крстевски.

Исто така, Министерството за култура ги поддржа и ексклузивните концерти на светските ѕвезди: Лени Кравиц, Ерос Рамазоти, Брајан Адамс, Хуверфоникс, Том Одел и други. Концертите беа исклучително посетени, а публиката имаше незаборавни концертни доживувања.

Во согласност со заложбите за унапредување на културата наменета за најмладите, во рамките на избраните проекти од национален интерес беа поддржани оперски, балетски и симфониски изведби наменети за децата, потоа осум детски фестивали и проекти на македонски јазик, како и на јазиците на заедниците („Златно славејче“, ,,Блетезат“, „Јаболчиња“, Детски фестивал „Флутурат – Пеперутки“, Детски фестивал „Улбери - Виножито“, детските фестивали на македонски и на албански јазик во Дебар „Радика-фест“ и „Биљбиљат е Корабит 2019“ и „Приказна за Моцарт“ во организација на Здружението

„Детски свет“). Градењето на музичката публика и интересот за оваа уметност беше изразен и преку поддршка на детските хорски состави, како што е Градскиот детски хор „Лале“ од Тетово, чии активности континуирано се поддржувани во изминатите години.

Во насока на определбите на Министерството за култура за создавање културен амбиент достапен за сите граѓани, а во согласност со Заклучокот на Владата за збогатување на културната понуда за лицата со посебни потреби, беа поддржани Здружението на граѓани за деца, млади, возрасни родители и лица со посебни потреби „Еурека културен центар“ од Скопје со проектот „Инклузивна танцова претстава Пепелашка“ и проектот „Јазикот не е пречка за другарување“ во организација на Здружението за едукација и рехабилитација „Интер кид“ од Скопје.

**Манифестации и фестивали во програма 70**

**ФЕСТИВАЛ НА КЛАСИЧНА МУЗИКА „ИНТЕРФЕСТ“**

Во областа на музичко-сценската дејност во контиунитет се реализира и се развива Фестивалот на класична музика „Интерфест“ во Битола, кој прерасна во реномиран фестивал во регионот на кој редовно настапуваат уметници и ансамбли не само од земјава туку и од светот. Интернационалниот фестивал на класична музика „Интерфест Битола 2019" започна со гала-оперски концерт на солисти и на Оркестарот на Националната опера и балет и под диригентство на Бисера Чадловска и Иван Еминовиќ. Според програмата, до 11 октомври на фестивалските сцени во Музејот, во Центарот за култура и во Народниот театар во Битола, настапија уметници од Италија, Франција, Полска и од Северна Македонија. Годинава од Италија гостуваа дуетот хармоника и пијано, Џанкарло Калабриа и Симоне Пагани; дуетот гитара и пијано, Лапо Ванучи и Лука Ториџиани; како и италијанското барокно трио „Стара музика" со кои заврши Фестивалот. Интернационалниот фестивал на класична музика „Интерфест" се одржува од 1992 година, а иницијатори и основачи се Милица Шперовиќ-Рибарски и Кирил Рибарски. За реализацијата на Фестивалот беа одвоени 1.300.000,00 денари од буџетот.

**ФЕСТИВАЛ „ОХРИДСКО ЛЕТО“**

Националната установа Фестивал „Охридско лето“ е една од најреспектираните установи од областа на културата во светски рамки. Установата е претставник и промотор на македонската култура во светот. Фестивалот е член на Европската асоцијација на фестивали и покажува континуирано ниво на програмски содржини и ексклузивни уметници од светот. Третирајќи го како фестивал од највисок национален интерес, Министерството за култура му дава најголема поддршка на „Охридско лето“. Постојаното зголемување на буџетот во изминатиот период придонесе да се воспостави практика на реализација на дополнителни проекти во функција на најава на програмските содржини.

Педесет и деветтото издание на „Охридско лето“ беше отворено на 12 јули 2019 година со настапот на виолинистката Ванеса Меј, придружена од Македонската филхармонија, под диригентската палка на Иван Кожухаров, како и солисти од МОБ. Покрај нив, во рамките на музичката програма настапија голем број други ансамбли и музичари, и тоа: Симфонискиот оркестар на Бријанск, Националната опера и балет, триото „Пендерецки“, Оли Мустонен, балетот „Либертанго“ во режија на Наташа Поплавска, квартетот „Асасело“, Камерниот оркестар „Софиски солисти“, Георги Патриков, Страшо Темков, ансамблот „Дорико“, квартетот „Терем“, Стефан Миленковиќ, Владимир Милошевиќ, Денис Шаповалов, Александар Вершин, Елена Папандреу, Сихана Бадивуку, Маја Кастратовиќ, Божена Корчинска, Богдан Кожушко, Камерниот оркестар на Музичката младина на Македонија „Саша Николовски-Ѓумар“, Инва Мулан, Дешира Ахмети, Ѓорѓи Цуцковски, Генц Тукичи, дуетот „Австрија“, квартетот „Аигета“, квартетот „Дисонанс“, Влатко Стефановски, Мирослав Тадиќ, Јонела Големи, Мерита Реџа-Тершана, Виолета Егорова, Дуо Гелебешеви, Дуке Бојаџиев, квинтетот „Пилекадоне“, Жо Кристоф, Вансан Мусат, квартетот „Бенсман“, квартетот „Апеирон“, октетот „Игњац Фукс“, Александар

Гаџиев, Димчо Величков и концертот по повод 85 години од раѓањето на Томислав Зографски. За реализација на Фестивалот беа одвоени 30.000.000,00 денари од буџетот.

**МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ**

„Мајски оперски вечери“ е реномиран интернационален оперски фестивал на кој учествуваат македонски бардови, но и примадони и реномирани уметници од целиот свет. Националната опера и балет традиционално, по 47. пат, го реализираше Меѓународниот фестивал на оперската уметност „Мајски оперски вечери“. Свеченото отворање беше на 9 мај, а траеше до 31 мај. За време на Фестивалот се изведуваа некои од најубавите оперски претстави, како и една балетска претстава, а учествуваа реномирани домашни и светски режисери, диригенти, кореографи, оперски и балетски солисти. Оваа година, на големо задоволство, 47. „Мајски оперски вечери“ се затворија со премиера на „Аида“, магичното ремек-дело на Џузепе Верди. За реализација на Фестивалот беа одвоени 5.900.000,00 денари од буџетот.

**ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА МУЗИКА**

Манифестацијата „Денови на македонската музика“ е посветена на македонското современо музичко творештво. Се одржува секоја година во Скопје и во други градови во државава, а целта е да го поттикнува и да го афирмира македонското музичко творештво. Отворањето на манифестацијата беше со концертот „Грац се среќава со Скопје“ на ансамблот „Цајтфлус“ од Австрија, под диригентство на Едо Мичиќ од Хрватска. Беа изведени дела од композитори од Австрија, Грција и од Израел, како и од македонските автори Јана Андреевска и Панде Шахов, чие камерно дело „Лебдечка патека“ ја имаше својата светска премиера. За реализација на оваа манифестација беа одвоени 700.000,00 денари од буџетот.

**СКОПСКИ ЏЕЗ-ФЕСТИВАЛ**

Триесет и осмото издание на „Скопскиот џез-фестивал“ во 2019 година се реализираше од 17 до 20 октомври. Во фокусот на програмата на ова издание на „Скопскиот џез-фестивал“ беше одбележувањето на 50-годишнината на германската издавачка куќа „ЕЦМ Рекордс“ (ECM Records). Фестивалот на 17 октомври го отворија двајца познати гитаристи од САД: Дејвид Торн – еден од најимагинативните композитори и иноватори на гитарата во изминатите 40 години и Фред Фрит – иноватор, композитор и импровизатор со неговото трио. Педесетгодишнината на ЕЦМ се совпаѓаше и со петдецениската работа на еден од најзначајните и највлијателни бендови на 20 век, „Арт ансамбл на Чикаго“ (Art Ensemble of Chicago), кој го одбележа јубилејот со светска турнеја што заврши во Скопје. Настапи и норвешкиот пијанист, клавијатурист, композитор, аранжер и перкусионист, Јон Балке, со својот оригинален проект „Батаграф“ (Batagraf) во ексклузивно издание. Честа да го затвори фестивалското издание ја имаше норвешката џез-сензација, Торд Густавсен, со своето трио, како и квинтетот на новата голема американска саксофонистичка ѕвезда Џејмс Брендон Луис и контрабас-рециталот на француската басистка, импровизаторка и композиторка, Жоел Леандре.

Програмата на Фестивалот опфати и: диџеј-сетови на Никола Конте и еклектичниот „Магичен оркестар“ на Џијан Емин, филмска проекција на документарниот филм посветен на ЕЦМ: „Звуци и тишина: Патувања со Манфред Ајкер“ (Sounds and Silence: Travels with Manfred Eicher), промоција и презентација на книгата „Аранжери на облаци“ (Cloud Arrangers) на словенечкиот фотограф Жига Коритник, како и доделување на наградата „Златен орикс“ за најдобар млад џез-музичар во 2019 година“. За реализација на Фестивалот беа одвоени 4.500.000,00 денари од буџетот.

**ФЕСТИВАЛ „ОФФ-ФЕСТ“**

Осумнаесеттото издание на „Офф-фест“ (OFFest) се одржа од 3 до 8 јуни 2019 година во Скопје. Свои настапи имаа повеќе изведувачи, меѓу кои и: повеќепати наградуваниот виртуозен дует Кетрин

Финч и Секу Кита (Catrin Finch & Seckou Keita); македонскиот композитор, гитарист и пејач од Њујорк, Крсте Роџевски, кој првпат настапи во татковината со својот њујоршки олстар-бенд; „Сондорго“ (Sondorgo) од Унгарија, кои докажаа дека се еден од највозбудливите европски бендови, во комбинација со експлозивната енергија на незапирливите музичари на оркестарот Џамбо Агушев. Настапи имаа и Грант Маршал, познат по неговиот уметнички псевдоним DADDY G, Басеку Кујате од Западна Африка и други. За реализација на Фестивалот беа одвоени 2.000.000,00 денари од буџетот.

**МАНИФЕСТАЦИЈА ТАНЦ-ФЕСТ**

Фестивалот во 2019 година прослави 15-годишен јубилеј, а мотото на изданието беше „Идентитети што не смеат да се пропуштат“. Програмата беше посветена на младите, современите танчари и новите кореографски имиња од земјава. Фестивалот се одвиваваше на повеќе сцени во Скопје, а свеченото отворање беше на 4 април во Македонскиот народен театар. На манифестацијата беше доделена наградата **„**Менада“ за врвни остварувања во областа на танцот. За реализација на „Танц-фест“ беа одвоени 3.000.000,00 денари од буџетот.

**ЗДРУЖЕНИЕ „АЛЕГРЕТО“**

Фестивалот „Сцена на албанската сериозна музика“ во 2019 година за првпат е поддржан од ставката за културно-уметнички манифестации. На ова издание настапија познати солисти, како: тенорот Раме Лахај, сопранот Венера Гимидиева и пијанистот Генц Тукичи. Од страна на познатиот светски тенор Раме Лахај и пијанистот Генц Тукичи беше одржан мастерклас во просториите на Националната опера и балет. Во рамките на програмата, настап имаше и пијано-триото Шкелзен Бафтијари, Енис Аљи и Лида Алиу. Одржана беше и студентска музиколошка конференција во Центарот за култура во Тетово пред студентите на ДУТ и Универзитетот во Тирана. Исто така, одржан беше концертот „Ноќ на албанската романса“ со солистите Нита Зенуни, Бесарта Муртезани и Мустафа Имери под диригентската палка на Премтим Етеми. За реализација на Фестивалот беа одвоени 3.000.000,00 денари од буџетот.

- **Фолклорна и сценско-уметничка дејност**

Во рамките на фолклорната и сценско-уметничката дејност за 2019 година беа поддржани 140 корисници со вкупно 201 проект од национален интерес, за кои беше одобрен буџет во износ од 32.865.451,00 денари. Од вкупниот буџет, 19.040.751,00 денари беа наменети за финансирање на програмските активности на националните установи за 60 проекти, додека 13.825.000,00 денари за финансирање на проектите на други корисници за 140 проекти. Од овие, 18 проекти се од општинските установи, кои се финансирани со 935.000,00 денари; 101 проект се од културно-уметнички здруженија и други здруженија од областа на сценско-уметничката дејност, финансирани со вкупно 11.180.000,00 денари; како и 21 проект од физички лица, финансирани со 1.710.000,00 денари.

Во рамките на програмските содржини на националните установи низ државава, поддржани се сценско-уметнички проекти и концертни претставувања на културно-уметнички здруженија и фолклорни групи од сите генерации и во повеќе различни формации со вкупно 37 проекти во 16 центри за култура, и тоа во: Тетово, Кичево, Дебар, Штип, Делчево, Куманово, Струмица, Битола, Прилеп, Неготино, Гостивар, Струга, Охрид, Крива Паланка, Кочани и Кичево. Сиве овие активности беа поддржани со вкупно 6.685.473,00 денари.

Во рамките на програмските активности на националните установи од областа на фолклорот, преку Ансамблот за народни игри и песни „Танец“ и Ансамблот за албански ора и песни, беа реализирани многубројни концерти со тематика и кореографии од различни региони на државава, изработка на аранжмани и кореографии за различни народни ора и песни, откуп на народни носии и делови од носии, накит и додатоци на носии, заштита на нематеријалното културно наследство на НУ „Танец“ преку видеодокументирање, како и издавање монографија на македонски и на англиски јазик на

НУ „Танец“. Исто така, треба да се истакне дека НУ „Танец“ оваа година го прослави своето 70-годишно постоење. Овие две единствени национални установи од областа на фолклорот во Република Северна Македонија реализираа вкупно 23 проекти за кои беа издвоени 14.410.000,00 денари.

Активностите на локалните установи забележително беа збогатени со сценско-уметнички активности во домовите на културата низ државава и во локалните установи на територијата на Град Скопје. Најзначајни проекти кои се одржаа низ општините беа: „Малешевски фолклорни средби“ во Берово, „Кавадаречки фолклорни средби“ во Кавадарци, Фолклорната манифестација „Иванден 2019“ во Ресен, Фестивалот на изворна македонска песна „Етнофестивал 2019“ во Пробиштип, „Ора и песна во Кратово“ и други.

Во рамките на сценско-уметничките проекти и концертните претставувања на културно-уметнички здруженија и фолклорни групи беа реализирани многубројни концерти и фестивали. Меѓу нив се: „Јубилеен концерт - 15 години постоење и работа на Ансамблот Бојмија“, „10. Ромски мајски фолклорни денови", Смотра на културно-уметнички друштва „АФАДАМ 2019“, Меѓународен фолклорен фестивал „Сарај-фест 2019“, „43. Меѓународен музички и фолклорен фестивал Делчево и 13. Пијанечко-малешевска свадба во функција на туристичката понуда на регионот“, 65 години Ансамбл „Керамичар“, „Румели-фест 2019", „Битола слави 111 години“, „35. Мариовско-мегленска културна средба“, „Копачка 2019“, „Бајрамски кандили“, „Горнореkански средби“ 2019 и многу други.

Во рамките на програмата за 2019 година беше поддржано издавање на ЦД-изданија и ДВД-изданија со песни, фолклорни концерти, фолклорни работилници, како и монографии од корисници - физички лица.

Исто така, беа реализирани проекти со кои се одбележаа значајни јубилеи на истакнати уметници од областа на фолклорот и сценско-уметничката дејност: Јубилеен концерт - 15 години постоење и работа на Ансамблот „Бојмија“; Јубилеј 45 години КУД „Гоце Делчев“ – Делчево; 65 години Ансамбл „Керамичар“; Јубилеј по повод 40-годишнината на АНПИ „Ибе Паликуќи“ – Скопје; 40 години на браќата Дервиши; 45 години на КУД „Јахи Хасани“; Голем концерт - 75 години уметност, култура и традиција на КУД „Бајрам Шабани“; 70 години јубилеј - Концертна дејност на АКУД „Мирче Ацев“; „50 години на сцена со Круме Спасовски - јубилеен концерт“; Јубилеј 35 години „Самостоен уметник Стручни за вас“ на Зенил Усаин Реџепов.

Во согласност со заложбите за унапредување на културата на најмладите, во рамките на избраните проекти од национален интерес беа поддржани изведби наменети за децата, неколку детски фестивали и проекти на македонски јазик, како и на јазиците на заедниците. Такви се: Мултиетнички фестивал за деца - Струга 2019 година и Детски фестивал организиран од Ансамблот „Илирида“.

Во насока на определбите на Министерството за култура за создавање културен амбиент достапен за сите граѓани, а во согласност со Заклучокот на Владата за збогатување на културната понуда за лицата со посебни потреби, беа поддржани: концертот „Заедно сме посилни, учесници - деца со посебни потреби“ на Ансамблот за традиционална музика и игри „Бојмија“ - Гевгелија, „Фолклор за децата со посебни потреби“ од Центарот за едукација и негување на традицијата и фолклорот „Етно Илинден“ - Битола, Меѓународниот музички фолклорен фестивал за лица со посебни потреби „Да подадеме рака“ од НВО „ЕСЕ“ - Скопје.

Во делот на манифестации, важно е да се истакнат следниве настани: „22 Ноември - Ден на албанската азбука“, НКС „Десет дена Крушевска Република“, „Галичка свадба 2019“, Фестивал на ора и песни „Кенге Јехо“, „Фолк-фест Валандово 2019“, „Гоцеви денови 2019“ и „Град на културата во 2019 година“. За овие и за други слични настани, Министерството за култура издвои вкупен буџет во износ од 15.973.334,00 денари.

- **Визуелни уметности, архитектура и дизајн**

Во согласност со утврдената Годишна програма за 2019 година, дејноста главно се заокружи преку реализација на изложбени активности (во галериските простори, во изложбените салони на музеите, во центрите и домовите на културата, но и во други изложбено-галериски и алтернативни изложбени простори) презентирајќи остварувања од продукцијата на современите ликовни уметници, притоа оставајќи соодветно место за расветлување на проблемски, тематски и стилски аспекти од актуелните тенденции во уметноста.

Иако со релативно ограничени буџетски средства за Годишната програма, во областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот се реализираше квалитетна програма за сметка на квантитетот.

Буџетот за визуелни уметности, архитектура и дизајн во 2019 година изнесуваше 30.000.000,00 денари, од кои:

- 11.597.000,00 денари за националните установи, за 197 проекти, од кои се реализирани 90 %;

- 1.811.500,00 денари за локални установи, за 33 проекти, од кои се реализирани 94 %;

- 9,752,000 денари за здруженија и други асоцијации, за 81 проект, со од кои се реализирани 93 %;

- 5,397,000 денари за физички лица, за 76 проекти, од кои се реализирани 91 %.

Оваа година ја одбележаа и повеќето значајни изложби на автори кои дале силен белег во создавањето на македонската ликовна сцена, од кои би ги издвоиле: „Трет простор (сѐ што ни е заедничко/помеѓу локалното и глобалното)“; „АДАН во градот на огнот“ - самостојна изложба на Нада Прља-Серафимовска; „Systema“ (самостојна изложба на Никола Радуловиќ - најуспешен автор на Биеналето на млади уметници, НУ МСУ - Скопје, 2018); Изложба на дела од современи уметници од колекцијата на Македонскиот музеј на современата уметност од Солун, Грција; Ретроспективно-јубилејна изложба на академскиот сликар Рубенс Корубин по повод 70 години од раѓањето и 45 години творештво; Добре Трендафиловски (18.09.1918 - 13.05.1995) - ретроспективно-монографска изложба; Исени Реџаи/Hyseni Rexhai - преземање на ретроспективно-монографска изложба од НГМ; „Art Memoriam 6x  (кон творештвото на Т. Муфтински, К. Караџа, Д. Аврамовски-Гуте, Т. Јанчевски, Т. Атанасовски-Гарски и М. Петровски-Моцо)“.

Од особено значење се претставувањата на странските уметници во нашите установи: „Магла“, кураторски проект на Ави Лубин, проект на Националната галерија на Косово: Алберт Алгаер, Газмент Ејупи, Фатмир Мустафа, Луан Бајрактари, Дритон Селмани.

Во 2019 година беа опфатени претставувањата на творечките опуси на рецентни автори од постарата и од помладата генерација. Во таа смисла, ги истакнуваме изложбите и проектите на: Стефан Хаџи-Николов, Мирослав Масин, Славе Упевче, Тања Балаќ, Страхил Петровски, Којко Јаневски, Гоце Божурски, Венко Цветков, Ладислав Цветковски, Филип Фидановски, Павле Кузмановски и др.

На младите автори како движечка сила во современите ликовни процеси, покрај поддршката на високообразовните институции за реализација на повеќе проекти, им беше овозможено и институционално активно вклучување, со што беа поддржани сите први самостојни презентации, како и други рецентни претставувања, овозможувајќи им на тој начин да се наметнат и да ја креираат новата ликовна сцена.

Во согласност со принципиелната поставеност за рамноправен третман во поддршката на потенцијалните корисници на буџетски средства, покрај разбирливата поткрепа на националните, на локалните и на други установи, голем број здруженија, асоцијации и поединци, како позначајни проекти би ги истакнале: Стрип центар на Македонија - Велес со проектот „17. Меѓународен салон на стрип Велес 2019“ - стрип колонија;  Македонско здружение на ликовни критичари АИКА Македонија со проектот „Редовен годишен симпозиум на ликовните критичари на АИКА Македонија и награда за

ликовна критика за 2019 година (на актуелна тема од ликовната критика кај нас и пошироко); Арт Поинт-Гумно - с. Слоештица, Демир Хисар - „Уметничка резиденција 2019“; годишната програма на изложбите на Друштвото на ликовните уметници на Македонија.

Во таа насока, значаен напредок се постигна со поддршката на одделни проекти, чија цел е, преку визуелните уметности, социјално да интегрираат одредени маргинализирани групи од најранлива категорија.

Соодветно место во практикувањето на дејноста во целост им припаѓа и на ликовните колонии кои се појавија како потреба на самите творци за заедничко работење и споделување искуства. Од големиот број колонии кои дејствуваат во нашата земја, особено значење имаат: Ликовна колонија „Св. Јоаким Осоговски“, „Галичка колонија“, „Традиционална ликовна колонија Гостивар“, „Копаничарство“, „Меѓународна летна школа за архитектура“ во Крива Паланка и други.

Покрај финансирањето на одделни проекти, во текот на 2019 година соодветна поткрепа обезбедија 43 автори со статус самостоен уметник.

Позитивниот тренд на флексибилна и толерантна поставеност, во која водечки принцип за прифаќањето на одделни проекти е нивниот квалитет, се однесува и на застапеноста на голем број автори од заедниците, од кои би ги издвоиле изложбите на: Мифтар Мемети, Хајруш Исени, Џезаир Реџепи и др.

- **Интердисциплинарна дејност - мултидисциплинарна програма**

Со Годишната програма на Министерството за култура за 2019 година која се однесува на интердисциплинарната дејност, поддржани се приоритетите на Министерството за култура кои се поврзани со:

- поддршка на проекти и активности кои го стимулираат креативниот и уметничкиот потенцијал на сите граѓани, независно од нивната етничка, верска, идеолошка, политичка, социјална, родова и старосна припадност,
- зацврстување на независниот културен сектор како важен социокултурен чинител,
- негување и поттикнување на културниот диверзитет, уметничкото творештво и проектите со кои се промовираат еднакви можности за сите (мултикултурни вредности во општеството и родова рамноправност).

Поддржаните интердисциплинарни и мултидисциплинарни проекти се главно сложени проекти кои обработуваат теми со активности или комбинација на активности и пристапи од повеќе уметнички дејности и социокултурни области или паралелни активности во различни уметнички дејности. Поддржани се и трансдисциплинарни проекти кои се комбинација на уметност и други дејности: уметност и наука и технологија, уметност и родови политики, уметност и неформални образовни формати, како и програми на постојните јавни простори во културата кои дејствуваат интердисциплинарно.

На Годишниот конкурс за финансирање интердисциплинарни проекти од национален интерес во културата за 2019 година беа доставени 212 пријави од 211 носители на проекти, од кои стручната комисија предложи да се прифатат 105 пријави/проекти.

За поддржаните интердисциплинарни проекти од Годишниот конкурс за 2019 година беа предвидени буџетски средства во износ од 32.595.000,00 денари. За 89 прифатени проекти, чии носители се правни лица, склучени се договори за учество во финансирање на проектите во вкупен износ од 30.445.000,00 денари, од кои до крајот на 2019 година се исплатени 26.752.000,00 денари.

За 16 прифатени проекти, чии носители се физички лица, склучени се договори за учество во финансирање на проектите во вкупен износ од 2.150.000,00 денари, од кои до крајот на 2019 година се исплатени 2.009.000,00 денари.

Преведените средства за интердисциплинарни проекти од Годишниот конкурс за финансирање интердисциплинарни проекти од национален интерес во културата за 2019 година се во вкупен износ од 28.761.000,00 денари.

Во 2019 година се исплатени и пренесени обврски за интердисциплинарни проекти од 2018 година во висина од 3.127.735,00 денари. Повеќе од една третина од преведените 28.761.000,00 денари се за поддржаните 17 фестивали, со вкупно 9.720.000,00 денари, и тоа:

1. „Матка суммер фест" на Здружението од областа на филмот и театарот „Нова клапа" од Скопје;
2. „Бош-фестивал 11" на Здружението „Арт еквилибриум" од Гевгелија ;
3. „Опен-фестивал 2019" на Здружението „Културен забавен живот" - КЗЖ Струмица;
4. „КРИК - Фестивал за критичка култура" на Здружението на граѓани „Контрапункт" од Скопје;
5. „Фестивал на музика и дигитални уметности N-H//LON (Енхалон) на Здружението на граѓани „3.14 Брокули" од Скопје;
6. Десетти, јубилеен ромски музички фестивал „Рома фест" на Здружението на љубители на ромска фолклорна уметност „Романо Ило" од Скопје;
7. „Малински фотофестивал" на Фото-клубот „Куманово" од Куманово;
8. „Културно лето - Пештани 2019" на Валентина Толевска;
9. Седмо издание на фестивалот „ПРО-ЗА Балкан" – Синергија - литература/филм/музика на Издавачката куќа „Прозарт медиа ДООЕЛ"**;**
10. Фестивал на феминистичка култура и акција „Прво па женско", седмо издание, на Здружението за промоција на женската активност Тииииит! Инк. од Скопје;
11. „Скопско лето" на Дирекцијата за култура и уметност од Скопје;
12. Фестивал на мода, убавина и фризура „Hair Fair" 2019 на Здружението на граѓани Македонска фризерска асоцијација;
13. „БИТ-фест 2019" на Општина Битола;
14. Фестивал на децентрализирана култура „Блендер" на „Кино Балкан" од Скопје;
15. Фестивал на нов европски филм „Бич филм фестивал" (Beach film festival) на Пик продукција ДООЕЛ од Прилеп;
16. „Филозофски филмски фестивал 2019" на Филозофското друштво на Македонија";
17. „14 АКТО - Фестивал за современи уметности општество во изградба".

Позначајни реализирани проекти во интердисциплинарната дејност за 2019 година :

- **„Бош-фестивал 11"** - ЗЛУКР „Арт еквилибриум" од Гевгелија**;**
- **„Крик"** - **Фестивал за критичка култура"** - Здружение на граѓани „Контрапункт" од Скопје**;**
- **„Матка суммер фест"** - Здружение од областа на филмот и театарот „Нова клапа" од Скопје;
- **Фестивал на децентрализирана култура „Блендер"** - „Кино Балкан" од Скопје;
- **„Етичкото однесување на младите во мултикултурните средини**" - Научен институт „Макс ван дер Штул";
- **„Програма на Локомотива во кино Култура** - простор за современи изведувачки уметности и современа култура" на „Локомотива" - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата;
- **„Веб-апликација за изучување на албанскиот и македонскиот јазик"** - Исамет Бакиу;
- **„Естетското и етичното во англиската уметност"** - Здружение „Инка" од Струга;
- „**Личните имиња значаен дел на културното и духовното наследство кај Албанците во Македонија" -** Институт за духовно и културно наследство на Албанците од Скопје;
- **„Социјално ангажиран стрип - уметнички практики за општествени промени"** -ТП Калеидоскоп Ѓорѓе Јовановиќ;
- **Петта едиција на Европска недела „Денови на Европа" -** Институт за меѓународни и политички студии ИМПС од Скопје;
- **Фестивал на феминистичка култура и акција „Прво па женско" -** ЗГ за промоција на женската активност Тииииит! Инк. од Скопје;
- **„Библиографија на едно дело**" - Искра Димитрова:

- **„Големото непознато“** - Велимир Жерновски - самостоен уметник;
- **„14 АКТО - Фестивал за современи уметности - општество во изградба“** -Здружение за култура и уметност „ Факултет за работи што не се учат“;
- „**Себство“ -** Ана Лазаревска;
- **Фестивал на нов европски филм „Бич филм фестивал“ (Beach film festival)** - ПИК Продукција ДООЕЛ од Прилеп;
- **„Урбанон: Прирачник за агенти“** - Марио Савовски.

Доделениот буџет за овие осумнаесет проекти изнесува вкупно 6.600.000,00 денари, односно 20% од вкупно доделениот буџет за дејноста. Носителите на проектите навремено беа запознаени со текот на постапувањето усно и преку циркуларни известувања, но, сепак, има вкупно 31 корисник за кои во 2020 година продолжува постапувањето за исплата на преостанатите 30% од доделените средства. Пренесените обврски изнесуваат 3.015.000,00 денари.

Непреведените средства за нереализирани проекти заради недоставување задолжителна документација или непотпишување на договори изнесуваат 1.310.000,00 денари.

Од доставените 26 жалби и приговори во 2019 година, доставени преку Министерството за култура или непосредно до Државната комисија за одлучување во управна постапка во втор степен, не беше уважена ниедна.

Имајќи ги предвид обемот на реализираното во интердисциплинарната област во 2019 година и општите и посебните цели на Националната стратегија за развој на културата во Република Македонија за периодот 2018 - 2022 година („Службен весник на РМ“ бр. 81/18), се создава простор за констатацијата дека навистина се отвора широка платформа за создавање културни можности за секого; за поттикнување на уметничкото творештво и креативниот потенцијал; за негување на уметничката извонредност и иновација; за достапност и учество во културните процеси; за културен развој, негување интеркултурна комуникација на заемно разбирање и дијалог; за градење интеркултурно општество; за проширување на демократскиот јавен простор и за искрените надежи дека луѓето од нашето мултикултурно општество ќе ја уважат и ќе ја прифатат за суштинска потребата да учат еден од друг и ќе ја согледаат неопходноста од хармонично проткајување на културите.

## 3. СЕКТОР ЗА ЛИТЕРАТУРА И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Секторот за книга во 2019 година продолжи успешно да поддржува различен тип на активности со кои се стимулира и развива издавачката дејност и литература во Република Северна Македонија. Во оваа година се поддржаа 816 проекти од повеќе области од издавачката дејност преку Конкурсот за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2019 година но исто така се поддржаа и 27 проекти за превод на македонски автори на странски јазици преку Конкурсот за финансирање преводи на странски издавачи на репрезентативни и квалитетни дела од македонската книжевност на странски јазици за 2019 година.

Во рамки на Конкурсот за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2019 преку Секторот за книга за 2019 година успешно се реализираа 643 публикации, 62 списанија, 25 проекти од електронското издаваштво и 86 литературни манифестации.

Посебно би ја истакнале исклучително широката финансиска подршка на издавање на литературни дела но и на издавачки куќи од Република Северна Македонија со што директно придонесовме кон развојот на литературата и издаваштвото во државава.

Во рамки на Конкурсот за финансирање преводи на странски издавачи на репрезентативни и квалитетни дела од македонската книжевност на странски јазици за 2019 година би потенцирале дека успешното стимулирање и континуирана поддршка на оваа форма на преводна литература придонесе да се издадат 27 нови преводи на македонски автори на странски јазици.

## 4. СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Креирањето на Годишните програми (20, 50, 80 и 81) за 2019 година, коишто се однесуваат на заштитата на културното наследство, се одраз на стратегиската определба на Министерството за култура за континуирано вложување во заштитата на културното наследство како белег на минатото кој се пресликува во сегашноста и останува за иднината. Приоритетна задача за негов адекватен третман е зачувувањето на оригинална содржина и форма, соодветна стручна и научна верификација и афирмација, како и негова ревитализација и ставање во функција на современите културни текови, негова самоодржливост како туристички и економски потенцијал, а во согласност со законската регулатива.

Финансиските конструкции на усвоените програми за 2019 година на ниво на Сектор за заштита на културното наследство ги потврдуваат заложбите на Министерството за остварување на овие цели.

Во согласност со Програмата од областа на заштитата на недвижното културно наследство за 2019 година, одобрени се вкупно 185 проект, од коишто 153 проекти или 82,70 % од целокупната Програма се предложени реализации на националните установи од областа на заштитата на културното наследство, а носители на 32 проекти се во категоријата на други корисници. И во 2019 година, во оваа област вниманието е насочено кон адекватната заштита на сакралните и профаните споменици на културата, како и на откриените структури од археолошките истражувања. Како позначајни реализации се издвојуват завршните етапи на повеќегодишните проекти: адаптацијата на објектот Св. Ѓорги/Мехмед Ефенди - Јени џамија во галериски простор и факсимилната обнова на конаците во манастирскиот комплекс Трескавец. Како нови иницијативи во Програмата за работа на Владата се промовирани проектите за заштита на Аквадуктот во Скопје, Коџа Мехмед џамија во Табановце, Кумановско, и црквата Св. Богородица во Лешочкиот манастир во село Лешок - Тетово.

Во 2019 година во музејската дејност како приоритети се издвојуваат: проекти кои се однесуваат на воспоставување нови постојани поставки во националните музеи од областа на археологијата, историјата, историјата на уметноста, етнологијата и природонауката таму каде што не се воспоставени досега, како и подобрување на веќе постојните постојани поставки (каде што има потреба) преку нивно реконципирање, научно валоризирање и ревалоризирање и технолошко осовременување.

Осовременување на депоата на националните музејски установи, како и изградба на нови депоа таму каде што не постои соодветен простор за чување на музејскиот материјал и музејските предмети; проекти кои се однесуваат на систематски истражувања од областа на заштитата на движното културно наследство (археологија, историја, историја на уметноста, етнологија и природонаука), како и изложбени активности од посочените области; проекти за презентација и популаризација на културното наследство и природонауката, едукативни проекти за деца и млади, како и проекти наменети за лица со посебни потреби и проекти за заштита на нематеријалното културно наследство.

Во насока на остварување на предвидените активности во оваа област, одобрени се 352 проекта од областа на музејската дејност и нематеријалното културно наследство: 223 реализирани од национални установи, 21 од локални установи и други буџетски корисници и 108 проекти реализирани од здруженија на граѓани, невладини организации и поединци. Реализацијата изнесува 87 %.

Во областа на библиотечната дејност за 2019 година се поддржани вкупно 108 проекти, од кои: 86 на национални установи, 17 на локални установи и 5 проекти на здруженија на граѓани. Оваа годишна програма има 95 % реализација и е фокусирана на остварувањето на основните и битни функции на секоја библиотека кои претставуваат и законска обврска. Како такви, се издвојуваат: збогатувањето на книжниот фонд на библиотеките, континуираното функционирање на библиотечно-информацискиот систем КОБИСС.МК, стручното оспособување на библиотечен кадар, а за заштитата

на целокупниот библиотечен материјал се опфатени сите мерки и постапки за да се спречи, одложи или да се намали оштетувањето на библиотечниот материјал.

Со Годишната програма за заштита на аудиовизуелните добра за 2019 година се финансирани 11 проекти на НУ Кинотека на РС Македонија со реализација од 72,73 %. Како значајна ставка во Програмата, се издвојува финансирањето на процесот на реставрација и дигитализација на најзначајните домашни филмски опуси. Во овој контекст, во тек е дигитализацијата на 21 краток филм, која треба да заврши во февруари 2020 година. Исто така, беше организирано свечено одбележување на 25-годишнината од премиерата на носителот на „Златниот лав" од Венеција, филмот „Пред дождот" на режисерот Милчо Манчевски.

## 5. СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА СО УНЕСКО

Културната соработка на Република Северна Македонија на меѓународен план во последната деценија бележи подем, кој се одразува со сѐ поефикасна промоција на македонската култура надвор од границите на државата. Во последниот период беа потпишани многубројни билатерални спогодби и програми со повеќе земји, беа реализирани комплексни претставувања на културата на Република Северна Македонија во меѓународен контекст, нашата држава беше дел од манифестациите со интернационален предзнак, како што се Европска престолнина на културата и Биенале на уметноста и архитектурата, а во Годишната програма на Министерството за култура беа поддржани многу проекти на националните установи, граѓанските здруженија, независниот сектор и на етаблирани, но и на млади уметници од нашата земја.

Во 2019 година Министерството за култура поддржа 379 проекти (257 проекти од областа на билатералната соработка, 74 проекти од областа на мултилатералната соработка и 48 проекти во центрите во странство) кои ги промовираа актуелното творештво и културното наследство на нашата земја во меѓународен контекст. Во рамките на Конкурсот, беше обезбедена финансиска поддршка за: проекти што се реализираа во државите кои се во фокусот на надворешната политика на нашата држава, во земјите претседавачи на ЕУ, во земјите со кои одбележуваме годишнини од воспоставување на дипломатските односи, во земјите каде што има најголем број македонски иселеници; проекти кои беа дел од програмата на Културно-информативните центри на Република Северна Македонија во Софија, во Њујорк и во Истанбул; проекти кои ги унапредија мултилатералната соработка и релациите со УНЕСКО, со Меѓународната фондација „Форум на словенските култури" и со Меѓународната организација на франкофонијата; претставувања кои беа во функција на презентација на домашното творештво и на авторите од Република Северна Македонија на меѓународните саеми на книгата итн.

Во текот на 2019 година Министерството за култура и Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО интензивно работеа на усогласување на повеќе билатерални документи кои треба да бидат потпишани во наредниот период. Од покомплексните претставувања, би издвоиле дека по 51. пат нашата држава ја организираше традиционалната културна манифестација „Македонија во чест на св. Кирил" во Рим, на која во рамките на културната програма се претстави македонскиот сопран Весна Гиновска-Илкова со пијано-придружба на Дино Имери. Од големо значење за промоцијата на македонската култура и уметност во 2019 година беше претставувањето на престижната манифестација „Биенале на ликовната уметност во Венеција", каде што нашата држава се претстави со проектот „Субверзија во црвено" од авторката Нада Прља, во организација на НУ Музеј на современата уметност. Во контекст на присуството на нашата држава на големите меѓународни настани, треба да се спомене дека авторите од нашата земја и нивното творештво во 2019 година се афирмираа и на саемите на книгата во Франкфурт и во Тирана.

Што се однесува на мултилатералната соработка, би издвоиле дека Министерството за култура, во чии рамки дејствува Националната комисија за УНЕСКО, во 2019 година интензивно партиципираше во многу проекти и иницијативи на Организацијата.

Во оваа насока треба да се истакне дека особено внимание беше посветено на активностите што се однесуваат на актуелностите околу „Природното и културното наследство на Охридскиот Регион“, кој како добро е впишан на Листата на УНЕСКО за светско наследство. До Центарот за светско наследство на УНЕСКО беше доставен Извештајот за напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО (Краков, 2017), како и неговите дополнувања. Владина делегација во Баку, Азербејџан, учествуваше на 43. сесија на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО, на која Центарот за светско наследство донесе нови одлуки за „Природното и културното наследство на Охридскиот Регион“. Важно е да се истакне дека на оваа седница на Комитетот се впиша екстензијата на Охридскиот Регион и од албанска страна.

До УНЕСКО беше доставен интегрираниот Национален извештај за Конвенцијата од 1970 година за мерките за забрана и спречување на недозволениот увоз, извоз и пренос на сопственоста на културните добра по извршените консултации со надлежните институции - Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Царинската управа и Управата за заштита на културното наследство.

Што се однесува на активностите на УНЕСКО поврзани со имплементацијата на Конвенцијата за заштита на нематеријалното културно наследство во Република Северна Македонија, наш експерт учествуваше на редовните регионални состаноци на експерти за нематеријално културно наследство, во организација на Регионалното биро на УНЕСКО во Венеција и Регионалниот центар за заштита на нематеријалното културно наследство во Софија, и тоа во Љубљана (Словенија), Софија (Бугарија) и Венеција (Италија). Во насока на промоција на оваа конвенција и заштитените добра, на 1 март 2019 година амбасадите и перманентни делегации на Република Северна Македонија, Бугарија, Романија и на Молдавија организираа настан за заедничка промоција на „Културни практики поврзани со 1 Март – Мартинки“ во седиштето на УНЕСКО во Париз, кои како добро во 2017 година се впишани на Репрезентативната листа на УНЕСКО за заштита на нематеријалното културно наследство на човештвото.

Во рамките на регионалната соработка, македонска делегација учествуваше на Конференцијата на Советот на министри за култура на Југоисточна Европа (CoMoCoSEE) во Софија, во рамките на претседателството на Бугарија со регионалната платформа „Културното наследство фактор за одржлив развој“. На овој состанок беше усвоена Декларација за зајакнување на регионалната соработка на Советот на министри.

Министерството за култура активно учествуваше во заедничкиот проект „Образование за холокаустот и меѓукултурното разбирање во Југоисточна Европа: обновување на екс југословенскиот павилјон во Аушвиц-Биркенау“, кој беше координиран од Регионалното биро на УНЕСКО во Венеција. Проектот е заеднички развиен од страна на шест држави (Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Србија, Словенија и Македонија), во соработка со УНЕСКО, и се фокусира на обновување на изложбениот простор на Блок 17 во Аушвиц - Национален музеј Биркенау, Полска, (впишан во Листата на светско наследство) и создавање заедничка постојана изложба за Холокаустот.

Особено е важно да се истакне дека за време на 40. сесија на Генералната конференција на УНЕСКО, во рамките на Програмата на УНЕСКО за прославување јубилеи на историски настани и еминентни личности за периодот 2020 - 2021 година, беа прифатени јубилеите „100 години од раѓањето на Блаже Конески“ и „50 години од смртта на Параскеви Кирјази“, кои ќе се одбележуваат во рамките на оваа програма на УНЕСКО.

Во рамките на регуларната двегодишна Програма за партиципација на УНЕСКО, за периодот 2018 - 2019 година беа прифатени два проекта, и тоа: проектот „Инвазивните и ненативни видови вистинска опасност за старото Охридско Езеро“ на Здружението за екологија „Екоменлог“ од Охрид со износ од 26 000 американски долари и проектот „Обука за музејска интерпретација на национално ниво“ на Здружението на граѓани „Меѓународни дијалози“ од Скопје со износ од 25 000 американски долари.

Координативниот центар за културна соработка меѓу НР Кина и земјите од ЦИЕ во Република Северна Македонија, кој функционира во рамките на процесот „17+1“, беше ангажиран при

организирањето на учеството на претставници од нашата држава на повеќе тематски форуми. Во оваа насока, Министерството за култура на Република Северна Македонија од 24 до 26 ноември го организираше Четвртиот министерски форум за културна соработка, кој заврши со усвојување на Скопската декларација за културна соработка на земјите учеснички во Процесот „17+1“, која содржи План за соработка во културата за следните две години (2020 - 2021), и тоа во областа на културните и креативните индустрии, културното наследство, филмот и дистрибуцијата на филмови, униите на библиотеки, како и составување на симфониски оркестар од 18 земји членки на Процесот „17+1“.

За членувањето во меѓународните организации, во кои членуваме како држава преку своите институции, здруженија и експерти од областа на културата и кои се со консултативен статус при УНЕСКО и други меѓународни организации, Министерството за култура и во 2019 година обезбеди финансиска поддршка за покривање на трошоците за годишните котизации/членство, учеството на наши претставници на годишните собранија и за реализација на одредени активности во рамките на соодветните меѓународни организации (ИКОМ, ИКОМОС, ИККРОМ, ИСТМ, АИКА, ИССН, ИФЛА, АЦЕ, ФИАФ, ЦИОФФ).

Во рамките на членувањето во Меѓународната фондација „Форум на словенските култури“, основана во 2004 година на иницијатива од Република Словенија, а со цел зближување и стимулирање на културната соработка меѓу словенските држави, како и заедничка афирмација на нивната култура во светот, и во 2019 година, како една од земјите основачи, преку Министерството за култура, се вклучивме во сите иницијативи и активности на оваа еминентна организација. Особено треба да се истакне дека делегација, предводена од министерот за култура Хусни Исмаили, учествуваше на VIII санктпетербуршки меѓународен културен форум, каде што специјален гостин, со богата програма, а по повод одбележувањето на 15-годишниот јубилеј, беше токму Форумот на словенските култури.

## 6. СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКИ ИНТЕГРАЦИИ

Секторот за европски интеграции е формиран на 5.12.2007 година, а произлезе од Одделението за европска интеграција, кое беше дел од Секторот за меѓународна соработка, европска интеграција и УНЕСКО.

Во Секторот за европски интеграции се вршат приоритетно активности од областа на културата, кои со своите евроинтегративни специфики се во насока на спроведување на процесот на приближување на Република Северна Македонија кон Европската Унија; координирање на соработката со Европската Унија и нејзините мисии, институции и работни групи; реализација на ИПА-проекти; програмски активности за Програмата ,,Креативна Европа - Потпрограма Култура (2014 - 2020). Работите во Секторот во моментов ги извршуваат: **Одделението за Креативна Европа на ЕУ и Одделението за координирање на ИПА-проекти и друг вид странска помош.**

Подолу ги издвојуваме најзначајните активности на Секторот за европски интеграции коишто се реализираа во 2019 година:

### Креативна Европа (Култура) 2014 – 2020 г. и Креативна Европа (МЕДИА) 2014 – 2020 г.

Врз основа на Договорот меѓу Европската Унија и Република Македонија за учество на Република Македонија во „Креативна Европа - Програма на Унијата наменета за културните и креативните сектори“, кој стапи во сила на 22 јули 2014 година, и во согласност со критериумите на Европската комисија за функционирање на Канцелариите на ,,Креативна Европа” (Creative Europe Desks), во рамките на Секторот за европски интеграции од 2015 година продолжи да функционира Одделението за „Креативна Европа - Програма на ЕУ – Потпрограма Култура“ како информативно-советодавна канцеларија за спроведување на „Потпрограмата Култура“.

Република Македонија се вклучи во Потпрограмата „МЕДИА“ на 24 јули 2015 година. Со одлука на Владата (29 декември 2015 година), Министерството за култура останува координативно тело на

Програмата ,,Креативна Европа'', односно Одделението за Креативна Европа продолжи да ја администрира „Потпрограмата Култура“, а Агенцијата за филм, врз основа на меѓусебен Договор потпишан со Министерството за култура на 31.12.2015 година, од 1 јануари го презема администрирањето на „Потпрограмата МЕДИА“. Лицето за контакт одговорно за спроведување на „Потпрограмата МЕДИА“ го започна својот ангажман во просториите на Агенцијата за филм на РМ од 1 април 2016 година.

Канцелариите за „Креативна Европа – Потпрограма Култура“ и „Креативна Европа – Потпрограма МЕДИА“ во јануари и во февруари 2018 година го подготвија финалниот и финансиски извештај врз основа на Договорот за рамковно партнерство за Грант за акција со повеќе партнери - Рамковен договор бр. 2017 – 0692/001-001 „Креативна Европа“ потпишан меѓу Министерството за култура и Извршната агенција за образование, аудиовизуелна дејност и култура при ЕК во 2017 година. Извештајот беше доставен до Извршната агенција во согласност со крајниот рок за доставување на извештаите од страна на Канцелариите за Креативна Европа, април 2018 година.

Од 1 јануари 2018 година Министерството за култура го спроведува планот за акција на Одделението за Креативна Европа – Потпрограма Култура во согласност со „Специфичен грант-договор за акција со повеќе корисници бр. 2018 – 0524 / 001-001 – Креативна Европа“, кој е 50 % кофинансиран од Извршната агенција, а преостанатите 50 % се кофинансирани од страна на корисниците и дел од средствата се финансираат од страна на Министерството за култура (Потпрограма Култура) и Агенцијата за филм на РМ (Потпрограма МЕДИА). Апликацијата за поддршка на планот на активности на Канцеларијата за Креативна Европа на РМ (Култура и МЕДИА) за 2019 година е подготвена и доставена до Извршната агенција за образование, аудиовизуелна дејност и култура при ЕК во согласност со предвидениот краен рок, 30 ноември 2018 година.

Реализирани активности на Канцеларијата за Креативна Европа (Култура и МЕДИА) за периодот од јануари 2019 до декември 2019 година.

**Јавни настани**

Во периодот од јануари до декември 2019 година Одделението за Креативна Европа – Култура (Министерство за култура) организираше и учествуваше на 5 јавни настани (инфоденови и работилници) за промоција на програмата „Креативна Европа - Култура“ самостојно и во рамките на фестивалот „Синедејс“ во Скопје и на Меѓународениот филмски фестивал во Тетово.

Јавните настани во организација на Канцеларијата за Креативна Европа – Култура имаа намена да ги информираат културните оператори за критериумите и апликациите за претстојните и за тековните повици за аплицирање на конкретните категории: Проекти за книжевни преводи, Проекти за соработка, а истовремено опфатија актуелни теми поврзани со приоритетите на оваа потпрограма кои се дел од актуелните политики на ЕУ во оваа област, и тоа: развој на публика, градење на институционални и професионални капацитети, мобилност на уметниците и културните работници, циркулација на уметнички дела и производи, развој на нови бизнис-модели во овој сектор и сл. Операторите во рамките на повикот за Проекти за соработка беа информирани за повикот на пилот-акција на ЕУ – наменет за земјите од Западен Балкан на посебен настан реализиран во Скопје.

Покрај јавните настани, Канцеларијата на Креативна Европа – Култура реализираше над 20 индивидуални состаноци со заинтересираните културни оператори.

Канцеларијата на Креативна Европа – Култура на јавните настани редовно ги промовираше успешните проекти поддржани од оваа потпрограма. За јавните настани беше обезбедена медиумска промоција за програмата.

Учество на состаноци на Канцелариите на Креативна Европа.

Канцеларијата на Креативна Европа – Култура активно учествуваше на редовните состаноци на Кацелариите на Креативна Европа во Брисел и во Клуж во организација на Европската комисија.

**Техничка поддршка за заинтересираните апликанти**

Реализирани се индивидуални консултативни состаноци за техничка поддршка при подготовка на проектни идеи и проектни апликации со заинтересирани организации од областа на културата и аудиовизуелниот сектор.

**Веб-страница**

Поставена е и се уредува веб-страницата www.ced.mk, како и фејсбук-страницата за МЕДИА.

**Медиумска промоција**

Реализирана е редовна медиумска промоција на Програмата и на успешните проекти поддржани од потпрограмите Култура и МЕДИА преку речиси сите електронски и пишани медиумии и веб-портали.

**Промотивен материјал**

Подготовен е промотивен материјал за потпрограмите Култура и МЕДИА со логото на Програмата.

**Соработка со Советот на Европа**

Претставник од Секторот за европски интеграции учествуваше на работилницата за пристапност во музеите за лицата со посебни потреби „Come – in", која се одржа во Трст на 29 и 30 мај 2019 година. На работилницата, меѓу другото, преку презентација беа претставени сите македонски музеи и нивната пристапност. Дополнително, претставникот на Секторот одговараше на поставените прашања од публиката и од модераторите на конференцијата.

**Одделение за координација на проекти од Инструментот за претпристапна помош и друга странска помош**

Одделението за координација на ИПА-проекти и друга странска помош во рамките на Секторот за европски интеграции е одговорно за спроведување на проектите финансирани преку Инструментот за претпристапна помош на Европската Унија, како и за привлекување друг вид странска помош и активности поврзани со програми на Европската Унија и на Советот на Европа.

Проектот „Конзервација и ревитализација на културно-туристичкиот комплекс Св. Ѓорѓи - Старо Нагоричане" се имплементираше во рамките на првата компонента ТАИБ 2009 - Помош при транзиција и институционална надградба. Неговата цел е да се обезбеди економски развој на Општината, во корист на локалното население и посетителите, како и коегзистенција на жителите на различните етнички групи во Општината, додека специфичната цел се однесува на конзервацијата и реставрацијата на културно-туристичкиот комплекс со цел зачувување на реткото културно наследство од Византија, црквата „Свети Ѓорѓи". Во реализацијата на проектот, освен Министерството за култура, беа вклучени и Управата за заштита на културното наследство, Националниот конзерваторски центар - Скопје и Општината Старо Нагоричане.

Проектот се состоеше од 4 договори, од кои само Директниот грант е сè уште во фаза на реализација. Потпишан е во август 2013 година и не е целосно реализиран во временскиот период од назначените 2 години. Целосното конзервирање и ревитализација на црквата ќе биде извршено во наредните 5 години со средства од националниот буџет. На 2.2.2016 година Владата донесе заклучок со кој се задолжи Министерството за култура да обезбеди средства во износ од 25.455.444,00 денари од националниот буџет за реализација на овој договор во наредните 5 години. Во 2019 година на Националниот конзерваторски центар не му се префрлени финансиски средства според потпишаниот договор поради комплексната ситуација со градежната фирма „МАКАУС", со која по ред несогласувања, договорот беше раскинат. При крајот на 2019 година, Националниот конзерваторски центар склучи договор со нова градежна фирма, но поради краткиот временски период за спроведување на градежните активности, како и неповолните временски услови, но и намалениот буџет на Секторот со

ноемврискиот ребаланс, Кабинетот на Министерството за култура одлучи да го префрли програмираниот буџет за 2019 во 2020 година, заедно со веќе програмираните средства за 2020 година. Дополнително, Министерството за култура ќе продолжи со финансирање на овој проект во согласност со Динамичкиот план за реализирање на активностите.

Во рамките на Годишниот конкурс на Министерството за култура за финансирање програми и проекти од национален интерес во културата за 2019 година, финансиски беа поддржани вкупно 9 проекти на националните установи од областа на европските интеграции и тие се реализирани заклучно со 2019 година.

Во однос на ИПА-програмите за прекугранична соработка меѓу РС Македонија од една страна и Р Грција, Р Бугарија, Р Албанија, Р Косово и Р Србија од друга страна, претставници на Секторот за европски интеграции, како членови/заменици-членови на Заедничките комитети за следење на овие програми, редовно доставуваат коментари и забелешки во однос на процедурите и активно учествуваа на состаноците одржани во текот на 2019 година.

Исто така, претставник на Секторот за европски интеграции, како член/заменик-член, активно учествуваше на состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД 2014 – 2020 г. одржани во текот на мај и декември 2019 година.

Во однос на регионалните иницијативи, државниот секретар во Министерството за култура, Валмир Азири, во текот на март 2019 година во просториите на Министерството имаше средба со претставници на постојаниот секретаријат на Јадранско-Јонската иницијатива (ЈЈИ), предводени од генералниот секретар, амбасадорот Џовани Кастеланета и Иван Иванишевиќ, генерален директор за мултилатерални прашања во МНР на Црна Гора, при што се дискутираше за можностите што ги дава оваа иницијатива за државите од регионот уште повеќе да се обединуваат во културен аспект промовирајќи разни културни и традиционални настани на нивните земји.

Исто така, Одделението за координирање на ИПА-проекти и друг вид странска помош учествува во Управувачкиот комитет на Проектот за локална и регионална конкурентност во туризмот, кој е дизајниран во рамките на ИПА 2014 – 2020, а во соработка со Кабинетот на заменик-претседателот на Владата задолжен за економски прашања, Светска банка и Делегацијата на Европската Унија.

Целта на Проектот за локална и регионална конкурентност (LRCP) за Македонија е да го зголеми придонесот на туризмот за локален економски развој и подобрување на капацитетот на Владата и на јавните субјекти, да се поттикне раст на туризмот и да се олесни дестинација за управување.

Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (**НПАА**) е сеопфатен долгорочен документ кој ја дефинира динамиката на усвојувањето на правото на ЕУ, стратегиските насоки, политиките, реформите, структурите, ресурсите и роковите што треба да се реализираат со цел Република Македонија да ги исполни условите за членство во Европската Унија. НПАА, исто така, претставува значаен извор на информации за деловниот и економскиот сектор во планирањето на идните активности и овозможува јавноста да го осознае и да го следи процесот на интеграција на Република Македонија во Евроспката Унија. НПАА опфаќа повеќе активности, поставување на годишен акциски план со активности кои ќе се реализираат во тековната година и матрица која редовно се уредува. Секој месец до Министерството за образование, со кое заедно го претставуваме Поглавјето 3.26, беа доставувани месечни извештаи за реализирани активности, а до Секретаријатот за европски прашања - квартални извештаи. Дополнително, Секторот редовно учествува на месечни состаноци во Секретаријатот за европски прашања, подготвува материјали за Извештајот за напредокот на Република Македонија, како и писмен материјал за **Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика кој се одржа во март 2019 година во Брисел.**

Исто така, претставник на Секторот учествуваше и достави извештаи од присуството на **објаснувачки скрининг за Поглавјето 26: Образование и култура за Поглавјето 29 – Царинска унија и Поглавјето 1 - Слободно движење на стоки во Европската Унија,** кои со одржаа во Брисел, Белгија, во текот на 2019 година.

## 7. СЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ

### I. ВОВЕД

Секторот за инвестициони работи како организациона единица во Министерството за култура согласно подзаконските акти за внатрешна организација и за систематизација на работните места на Министерството за култура е надлежен сектор во Министерството за следење на реализацијата на инвестиционите објекти од обласа на културата и за следење на состојбата на објектите и опремата во културата со инвестиционо и техничко одржување на објектите и на опремата во државна сопственост од обласа на културата со нивно осигурување.

Како главни работи и работни задачи на Секторот за инвестициони работи и одделениејата во состав, согласно Правилникот за внатрешна организација и работа на Министерството за култура, предвидени се:

- извршување на студиско-аналитички работи за инвестиционите објекти на Министерството за култура и за инвестициите и осигурувањето на објектите во државна сопственост а кои ги користат установите од областа на културата.
- следење и реализиация на инвестиционите објекти и следење на состојбата на објектите и опремата во државна сопственост, а кои ги користат установите од областа на културата од аспект на потреба за тековно инвестирање и одржување.
- Осигурување на објектите во државна сопственост, а кои ги користат установите од областа на културата.
- Изготвување на анализи, осврти и програми за утврдување на буџетската политика за инвестиции и друго.

Секторот за инвестициони работи е составен од две одделениеја и тоа: Одделение за инвестиции и осигурување и Одделение за следење и реализација на инвестициони објекти.

### II. ИЗВРШЕНИ РАБОТИ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНВЕСТИЦИИ И ОСИГУРУВАЊЕ ВО 2019 ГОДИНА

Врз основа на член 70 став (5) од Законот за културата („Сл.Весник на РМ“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), Министерството за култура на предлог на комисиите одлучува за проектите кои се поддржани во годишните програми на националните установи.

Во делот на инвестициско одржување и набавка на опрема за националните установи за 2019 година, Министерството за култура поддржа вкупно 34 проекти кои беа содржани во годишните програми за работа на националните установи од областа на културата за 2019 година.

Во овој дел беа финансирани и реализирани следните проекти:

| Ред бр. | Назив на Национална установа | Назив на проект | финансиран износ на проектот |
|---|---|---|---|
| 1 | НУ Национален конзерваторски центар | Воведување на Археометриска метода за датирање на артефакти со примена на оптичка стимулирана луминисценција (OSLD) | 368,804.00 |
| 2 | НУ Музеј Гевгелија | Анекс проект за адаптација на санитарии до Амамот во | 174,500.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | простории за потребите на галеријата во Гевгелија (завршна фаза) | |
| 3 | НУ Завод за заштита на спомениците на култура и музеј | Адаптација на простор (во склоп на објектот Баба неделино Училиште - Галерија на икони) во изложбен простор т.н. Мала Галерија и санација на санитарниот чвор и влезната врата и канцелариските врати, и канцелариите | 200,528.00 |
| 4 | НУ Македонски народен театар | поправка и тековно одржување на сценски технилогии - горен и долен погон | 700,000.00 |
| 5 | НУ Народен театар | Промена на тconсони, фарбање и промена на ентериер во ходниците, канцеларии и сала и промена на ентериер | 89,991.00 |
| 6 | НУ ЦК Браќа Миладиновци | Поправка на кров | 750,000.00 |
| 7 | НУ УБ Св. Климент Охридски | Замена на прозорците во магацинот за монографски публикации | 132,986.00 |
| 8 | НУ Музеј "Западна Македонија во НОВ" | Молеро-фарбарски работи | 21.000,00 |
| 9 | НУ Спомен куќа на Тодор Проески | Внатрешно молерисување на објектот | 141,450.00 |
| 10 | НУ Македонска Филхармонија | Системи за противпожарна заштита | 180,000.00 |
| 11 | НУ Музеј на современа уметност | Замена и одржување на делови од инфраструктурата на зградата на МСУ (проблематични моки чвориви) | 900,000.00 |
| 12 | НУ Театар за деца и младинци | Градежно - занаетчиски работи во објектот на НУ Театар за деца и младинци -Скопје | 484.787,00 |
| 13 | НУ Македонска Опера и балет Скопје | Испитување и одржување на лифтови | 75,840.00 |
| 14 | НУ Македонска Опера и балет Скопје | Годишен периодичен преглед на сценски простор | 117,882.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15 | НУ Македонска Опера и балет Скопје | Периодичен преглед на ПП апарати и хидрантска мрежа | 289.704,00 |
| 16 | НУ Македонски народен театар | редовен технички преглед на платформи, лифтови и дигалки со издавање сертификат | 132750,00 |
| 17 | НУ Природонаучен Музеј на Македонија | Интервентна замена на оштетени прозори во НУ Природонаучен музеј на Македонија | 199.441,00 |
| 18 | НУ Спомен куќа на Мајка Тереза | Поправка, осовременување и промена на оштетени елементи на тоалетети во Спомен куќа на Мајка Тереза | 231.250,00 |
| 19 | НУ Македонска Филхармонија | Светилки за сценско светло | 216,000.00 |
| 20 | НУ Центар за култура Трајко Прокопиев-Куманово | Градежно занатски работи и адаптација на плафон во КУБУС-сала во објект НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“-Куманово | 287,665.00 |
| 21 | НУ ЦК Кочо Рацин | Санација на плато (влез) во националната установа | 900,000.00 |
| 22 | НУ М Струшки вечери на поезијата | Изработка на проектна документација. Основен проект - конзерваторски проект за реконструкција на кров и санација на фасада на објект "Спомен дом на браќата Миладиновци" – Струга | 58,831.00 |
| 23 | НУ за управување со археолошкиот локалитет Стоби | Приоритет бр.1: Набавка и монтажа на влез со соодветен софтвер за туристичка презентација на археолошкиот локалитет Стоби | 722,133.00 |
| 24 | НУ Спомен куќа на Мајка Тереза | Набавка на чилер за системот за разладување | 750.816,00 |
| 25 | НУ ЦК Кочо Рацин | Санација на плато (влез) во националната установа (плафон) | 432,120.00 |
| 26 | НУ ЦК Ацо Ѓорчев | Промена на фасада на зградата на Центарот за култура и санација на дел од оштетен носечки ѕид и темел на зградата | 337,390.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 27 | НУ Центар за култура АСНОМ Гостивар | „Набавка и монтажа на аудио и светлосна опрема во големата и малата сала“ | 1,320,000.00 |
| 28 | НУ Македонска Филхармонија | Надополнување на опрема за студио | 290,991.00 |
| 29 | НУ Македонска Филхармонија | Промена на филтри на клима комори кои се употребуваат за ладење и греење на објектот | 217,613.00 |
| 30 | НУ Гостиварски театар | Оспособување на просторот | 0.00[1] |
| 31 | НУ Гостиварски театар | Лаптоп, компјутери и принтери | 0.00[2] |

Проекти кои беа поддржани во 2019 година, а кои не беа реализирани се следните:

| Ред бр. | Назив на Национална установа | Назив на проект | финансиран износ на проектот во денари |
|---|---|---|---|
| 1 | **НУ Кинотека на Република Македонија** | Поправка и санација на состојба со старите, постојни ѕидови и објекти на комплемплексот "Конаците на Хавзи-паша" | 1156808.00 |
| 2 | **НУ ЦК Антон Панов-Струмица** | Изработка на 4 (четири) електро ормари | 160000.00 |
| 3 | **НУ НУБ Св. Климент Охридски-Скопје** | Дел од проект: Набавка на нов инвентар и замена на подни облоги во читалниците (само за ставка: замена на подни облоги во читалници) | 400000.00 |

[1] Проектот е реализиран согласно склучениот договор за учество во финансирањето на Министерството во Годишната програма на Националната установа Гостиварски театар за 2019 година, заклучно со 31.12.2019 година, но исплатата е предвидена во буџетската 2020 година.

[2] Проектот е реализиран согласно склучениот договор за учество во финансирањето на Министерството во Годишната програма на Националната установа Гостиварски театар за 2019 година, заклучно со 31.12.2019 година, но исплатата е предвидена во буџетската 2020 година.

Министерството за култура склучи договори за финансирање на проекти содржани во годишната програма за работа на националните установи од областа на културата за 2019 година во делот на инвестиционо одржување, адаптација и набавка на опрема за установата во вредност од 15.333.801,00 денар. Од вкупно одобрените 34 проекти во делот на инвестициско одржување и набавка на опрема за националните установи за 2019, во 2019 година, реализирани се 31 проект согласно што фактичката реализација по број на проекти изнесува 91.2%. Двата проекти на НУ Гостиварски театар, како укажано погоре, се реализирани согласно склучениот договор со установата, во текот на 2019 година, но, заради нефункционирање на трезорот со цел исплата и на овие проекти на крајот од годината, истите се планирани за исплата во буџетската 2020 година. Финансиската реализација на проектите за 2019 година, заклучно со 31.12.2019 година, без споменатите два проекти, е на износ од 8.614.724,00 денари од вкупно договорените 14 962 642,00 денари, односно 58.90% Истакнуваме и дека во 2019 година исплатени се финансиски средства по обврска од склучен договор за проект од 2018 година на НУ Центар за култура АСНОМ-Гостивар во вредност од 968 638,00 денари.

**2. Осигурување на објекти за култура во државна сопственост**

Во текот на 2019 година Министерството за култура, изврши осигурување на објектите и опремата во државна сопственост од областа на културата, за што беше доделен договор со АД за осигурување ВИНЕР Виена Иншуренс Груп – Скопје бр. 47-3661/14 во вредност од 2.656.682,00 денари.

**3. Опис на останати работи во одделението**

Во Одделението за инвестиции и осигурување покрај инвестиционо техничките вложувања во културата се врши и логистичка помош за регулирање на обврските за централното греење за националните установи од областа на културата кои користат услуги за централно греење на територија на град Скопје.

Во рамките на работата на одделението за инвестиции и осигурување континуирано во текот на годината се следеше реализацијата на инвестиционите проекти, што подразбира организација, координирање, коресподенција помеѓу сите субјекти вклучени во процесите. Одржувани се работни состаноци, посети и увиди во состојбата на објектите.

## III. ИЗВРШЕНИ РАБОТИ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА СЛЕДЕЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ОБЈЕКТИ ВО 2018 ГОДИНА

Министерството за култура донесе и Програма за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2019 година бр. 50-1411/2 од 04.02.2019 година.

Според оваа програма беа реализирани следниве проекти:

| **Ред. бр.** | **Опис на активноста** | **Носител на активноста** | **Реализиран износ во денари** |
|---|---|---|---|
| **1** | Реконструкција на објектот што го користи НУ Албански Театар во Скопје | НУ Албански Театар во Скопје | 97.540.903,00ден |
| **2** | Изградба на нов објект наменет за театар и библиотека во Тетово | НУ ЦК „Иљо Антески-Смок“ – Тетово | 100.000.000,00ден |
| **3** | Изградба на Театарот во Струмица | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – | 22.821.590,00ден |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4** | Изградба на Објект со скулптурна композиција во Скопје | Министерство за култура | 0,00ден |
| **5** | Изведување на завршни работи за објект Театар Велес | Министерство за култура | 0,00ден |
| **6** | Изведување градежни работи за обезбедување на проектна документација за реконструкција на објектот на театар во Куманово НУ ЦК "Трајко Прокопиев"во Куманово | НУ ЦК "Трајко Прокопиев"во Куманово | 0,00ден |
| **7** | Обезбедување на проектна документација за реконструкција на театар при НУ ЦК "Марко Цепенков"- во Прилеп | НУ ЦК "Марко Цепенков"-Прилеп | 0,00ден |
| **8** | Реконструкција на објектот на НУ Центар за култура „Бели Мугри" - Кочани | НУ Центар за култура „Бели Мугри" – Кочани | 6.623.400,00ден |
| **9** | Обезбедување на проектна документација за реконструкција и изведба на објектот НУ ЦК АСНОМ во Гостивар, | НУ ЦК АСНОМ Гостивар, | 24.815.754,00ден |
| **10** | Обезбедување на проектно трхничка документација за изведба на објект за деца и младинци во Скопје | НУ за деца и младинци во Скопје | 0.00ден |
| **11** | Изведба на пристапни рампи за национални установи од областа на културата | Министерство за култура | 0.00ден |
| **12** | Обезбедување на проектна документација и изведба на дополнителни системи за ладењево објектот на НУ Македонска филхармонија Скопје | Министерство за култура | 132.160,00ден |
| **13** | Обезбедување на проектна документација за санација на хидроизолација и термоизолација на завршна покривна армирано-бетонска плоча на стариот дел од објектот на НУ Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје | НУ Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје | 1.250.000,00ден |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **14** | Подополагачки работи на гледалиштето и санација и појачување на конструктивни елементи во гледалиште на НУ Македонската опера и балет во Скопје | НУ Македонска опера и балет – Скопје | 3 750 000,00ден |

Од планираната финансиска реализација со оваа програма во износ од 333 000 000,00 денари, средства обезбедени од Буџетот на Министерството за култура раздел 18010 – Финансирање на дејности од областа на културата, потпрограми 41, 42, 48, 49, 50, и 84 од ставките 482 – други градежни работи, реализирани се вкупно 256.933.807,00 денари, односно финансиска реализација од 77%.

Проектите за кои носител на активноста е Министерството за култура, детално се опишани во делот на Одделението за следење и реализација на инвестициони објекти во овој Извештај. За останатите проекти од програмата Секторот за инвестициони работи, врши следење на реализацијата, префрлање на финансиските средства и друга логистика и помош на националните установи кои се носители на активноста.

**Опис на останатите работи на одделението**

Во текот на 2019година, а во согласност со обврските, одделението за следење на инвестициони објекти ја следеше реализацијата на инвестиционите објекти особено на реконструкцијата на објектот на НУ Албански театар, изградбата на театар во струмица и реконструкција на објектот на НУ Центар за култура „Бели Мугри“ Кочани, преку организација, координирање, коресподенција помеѓу сите инволвирани страни, одржувани се состаноци на објектите и во просториите на Министерството, редовни посети на објектите и пратење на динамиката на одвивање на работата на објектите.

**Останати активности во Секторот за инвестициони работи во 2019 година.**

Во 2019 година Министерството за култура, за реализација на капитални дотации во областа на културата, со единиците на локална има склучено договори за реализација на средства во износ од 117.056.131,00 денари, и тоа за следните проекти:

| НАМЕНА И ОПИС НА АКТИВНОСТ | КОРИСНИК НА СРЕДСТВА | ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА |
|---|---|---|
| Дел од градежни работи предвидени со измени во тек на градба на културен дом во с. Матејче | Општина Липково | 25 000 000,00 денари |
| Изградба на дом на култура во Општина Боговиње за фази: земјени работи, бетонски армирачки работи и изолациони работи | Општина Боговиње | 25 000 000,00 денари |
| Реконструкција и адаптација на културен „Шота“ с. Неготино Општина Врапчиште | Општина Врапчиште | 18 418 524,00 денари |
| Ентериерно уредување на објект „Кино Манаки“ - Битола | Општина Битола | 8 637 607,00 денари |
| Изградба на Спомен обележје на гробно | Општина Крушево | 10 000 000,00 денари |

| | | |
|---|---|---|
| место на „Тодор Проески“ | | |
| Реконструкција со доградба и надградба на ЈУ Конгресен центар „Александар Македонски“ – Скопје за фази: припремни работи и земјени работи | Град Скопје | 30 000 000,00 денари |
| ВКУПНО | | 117 056 131,00 денари |

Овие договори се склучени согласно Програмата за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа во областа на културата за 2019 година (Службен весник на РСМ бр.150/2019), донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија. Средствата за реализација на овие договори се предвидени со Буџетот на Министерството за култура за 2019 година од Програма 84- Одржување на објектите од областа на културата ставка 488- капитални дотации до ЕЛС во износ од 125.000.000,00 денари.

**Реализација на договорите за користење на средства за капитални дотации во областа на културата за 2019 година**

| Ред. број | Корисник | Назив на проект | Реализирано - Конечна вредност на Договор |
|---|---|---|---|
| 1 | Општина Врапчиште | Реконструкција и адаптација на културен дом „Шота“ с. Неготино | **18,418,524.00 ден.** |
| 2 | Општина Битола | Ентериерно уредување на објект „Кино Манаки“ - Битола | **7,616,554.00 ден.** |
| 3 | Општина Боговиње | Изградба на дом на култура во Општина Боговиње | **24,998,241.00 ден.** |
| 4 | Општина Крушево | Изградба на спомен обележје за Тодор Проески во Крушево | **10,000,000.00 ден.** |
| 5 | Општина Липково | Реализација на дел од градежни работи предвидени со измени во тек на градба на културен дом во с.Матејче | **24,999,978.00 ден.** |

## 8. СЕКТОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Секторот за јавни набавки своите активности во текот на 2019 година ги насочи, пред сè, кон реализација на своите надлежности утврдени во Правилникот за внатрешна организација на Министерството за култура, а особено кон навремено донесување и реализација на Планот за јавните набавки на Министерството за култура за 2019 година.

Во законски утврдениот рок, врз основа на добиените податоци од секторите баратели/корисници на јавните набавки, а во соработка со другите инволвирани во процесот на донесување на Годишниот план за јавни набавки, Секторот за јавни набавки подготви Годишен план за јавни набавки за 2019 година, кој беше усвоен и донесен од одговорните лица.

Со донесениот Годишен план за јавни набавки на Министерството за култура за 2019 година, вклучувајќи и 3 (три) измени и дополнувања на Планот, во согласност со потребите и барањата на одредени, надлежни организациски облици, предвидени се 33 јавни набавки.

Од предвидените набавки, 4 се спроведуваат преку СОЗР, но, во согласност со законските и подзаконските прописи, треба да се предвидат во Годишниот план за јавни набавки:

- Угостителски услуги во објект на Министерството за култура;
- Услуги за резервација на авиобилети;
- Услуги за мобилен оператор;
- Услуги за фиксен оператор.

Од предвидените набавки, 4 претставуваат исклучок од спроведувањето на јавна набавка преку ЕСЈН и за нив, во согласност со Законот за јавните набавки, донесени се решенија за искористување утврден износ на средства за конкретната јавна набавка, но, во согласност со законските и подзаконските прописи, треба да се предвидат во Годишниот план за јавни набавки:

- Решение за набавка на угостителски услуги со кое се регулираат начинот и постапката за набавка на угостителски услуги (во согласност со член 17 став (1) алинеја 2 и член 28);
- Решение за набавка на хотелски услуги (во согласност со член 17 став (1) алинеја 2);
- Решение за набавка на образовни услуги и услуги за стручно усовршување (во согласност со член 17 став (1) алинеја 2);
- Одлука за користење на услуги за објавување огласи во печатени медиуми (во согласност со член 8 став 1 алинеја 2).

Во текот на годината, имено од 1 април 2019 година, во сила стапи нов Закон за јавните набавки, кој воведе значителни измени и новини во материјата, а особено во делот на постапките и исклучоците од спроведувањето на јавните набавки.

Така, објавувањето огласи во печатени медиуми со новиот Закон за јавните набавки престана да претставува исклучок од спроведување постапка за јавна набавка. Од овие причини, за оваа набавка е направена една од измените и дополнувањата на Годишниот план за јавни набавки, по што се спроведе постапка за јавна набавка преку ЕСЈН.

Од преостанатите 25 јавни набавки:

- Целосно се реализирани вкупно **17 јавни набавки**, од кои за 2 јавни набавки Одлука за избор е донесена само за одреден дел/делови кај деливите постапки. Имено, за јавната набавка за информатичка опрема која се состои од 3 дела, донесена е Одлука за избор за 2 од 3 дела, додека за јавната набавка за сервисирање на компјутери и фотокопири, донесена е одлука за избор на 1 од 2 делови.

- **Една јавна набавка** е поништена од причина што не е доставена ниту една понуда.

Другите **7 постапки** за јавни набавки предвидени во Годишниот план за јавни набавки не се почнати или е подготвена потребната документација од страна на Секторот, но **не е почната постапка** од следниве причини:

- Набавка на дигитални сертификати: Не се определени вработени во Министерството кои ќе поседуваат дигитален сертификат за јавни набавки.
- Набавка на лиценца за антивирус: Во согласност со новиот Закон за јавни набавки, до 1000 евра не се спроведува јавна набавка поради што надлежниот сектор не достави барање за спроведување постапка за јавна набавка.
- Набавка на услуги за копнен и воздушен транспорт на поштенски пратки: Во согласност со новиот Закон за јавни набавки, до 1000 евра не се спроведува јавна набавка поради што, по проверка на потрошените средства за оваа намена во изминатите години, утврдено е дека нема потреба од спроведување постапка за јавна набавка.
- Услуги за организирање на 5. Светска конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог: Од страна на надлежен сектор е доставено барање за почнување постапка за јавна набавка, подготвена е потребна документација од страна на Секторот за јавни набавки, но Конференцијата е одложена поради што не е почната постапката.
- Стручен надзор над изведба на дополнителни системи за ладење во технички простории во објектот Македонска филхармонија: Не е почната поради поништување на постапката за изведба на овој систем.
- Изработка на веб-апликација за годишни конкурси: За оваа набавка е направена измена и дополнување на Годишниот план за јавни набавки, но не е доставено барање со технички спецификации кои се неопходни за почнување постапка за јавна набавка.
- Изведба на пристапни рампи во објекти на НУ од областа на културата: Во согласност со доставеното барање со технички спецификации од надлежен сектор, Секторот ја подготви потребната документација и ја достави кај одговорно лице за потпис, но таа е вратена со забелешки во однос на одредени услови од тендерската документација, но таа не е доставена до Секторот коригирана од страна на надлежен сектор во Министерството.

Годишниот план за јавни набавки и сите негови измени и дополнувања се доставени до надлежните во Министертвото со цел нивно објавување на веб-страницата на Министерството за култура.

Исто така, сите огласи објавени на ЕСЈН, како и известувањата за склучените договори, се доставени до надлежните во Министертвото со цел нивно објавување на веб-страницата на Министерството за култура.

Реализацијата на Годишниот план за јавните набавки ги опфаќа следниве активности преземени од страна на Секторот за јавни набавки:

- Ја следи реализацијата на Годишниот план за јавни набавки, што подразбира постојана комуникација со секторите баратели на јавните набавки и нивно потсетување за начинот на доставување барања и друга документација потребни за почнување на постапките за јавни набавки.
- Изготвува одлуки за потреба од јавна набавка и тендерски документации.
- Секторот за јавни набавки во спроведени јавни набавки е Комисија за спроведување јавна набавка, а доколку во Комисијата партиципира друг член или претседател на комисија, ја подготвува целокупната потребна документација (изјави, записници, извештаи и друго).
- Изготвува одлуки за избор на најповолен економски оператор.
- Ги известува пријавените економски оператори за извршениот избор.
- Подготвува договори/рамковни спогодби, поединечни договори кога е склучена рамковна спогодба со повеќе економски оператори.
- Комуницира со носителите на набавките за сите прашања поврзани со склучувањето и реализацијата на договорите/рамковните спогодби.

- Ги реализира надлежностите во согласност со Законот за јавните набавки кои се однесуваат на целосно и навремено доставување на известување до Бирото за јавни набавки за склучени договори и евиденција на реализираните постапки.

И во текот на 2020 година Секторот за јавни набавки ќе ги вложи сите свои капацитети и ќе ги искористи сите свои знаења и вештини за навремено, законско и квалитетно извршување на своите надлежности.

## 9. СЕКТОР ЗА НОРМАТИВНО-УПРАВНИ РАБОТИ И ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

- **Закони донесени од Собранието на Република Македонија/Република Северна Македонија**

1. *Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство* – (донесен во јануари 2019 година „Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/19) – (усогласување со Директивата 2014/60/ЕУ од 15 мај 2014 година за враќање на предмети од областа на културата кои се незаконски извезени од територијата на земја членка и за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 1024/2012 )
2. *Закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди* (донесен во мај „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 98/19) - (востановување на нова државна награда „Мето Јовановски“ за особени постигнувања во областа на промоцијата, заштитата и унапредувањето на човековите права)

- **Предлози на закони/акти доставени до Владата на Република Северна Македонија**

1. *Предлог на закон за остварување на јавниот интерес во културата*
2. *План за управување со природното и културното наследство во Охридскиот Регион*

- **Во работна верзија, односно испратени на мислење до надлежни органи, се:**

1. *Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за музеите* (усогласување со одредбите од Законот за прекршоците)
2. *Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за библиотеките* (усогласување со одредбите од Законот за прекршоците)
3. *Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра* (усогласување со одредбите од Законот за прекршоците)
4. *Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата* (усогласување со одредбите од Законот за прекршоците)
5. *Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство* (усогласување со одредбите од Законот за прекршоците)
6. *Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за издавачката дејност* (усогласување со одредбите од Законот за прекршоците)
7. *Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди* (востановување на две нови државни награди „Блаже Конески“ и „Ремзи Несими“)
8. *Предлог на закон за употреба на македонскиот јазик* (Со Предлогот на законот ќе се придонесе кон подигање на јазичната култура, негувањето и заштитата на македонскиот стандарден јазик и неговото кирилско писмо, како и кон почитувањето и унапредувањето на јазичниот стандард и ќе се афирмира македонскиот јазик во странство преку обновување на старите и отворање нови лекторати по македонски јазик на странските универзитети.)
9. *Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за филмската дејност* (Со Предлогот на законот ќе се унапреди филмската дејност и ќе се изврши усогласување со одредбите од Законот за прекршоците.)

- **<u>Национални пензии и национални уметници</u>**

1. Изработка на акти за исплата на надоместоците на пензионерите кои се добитници на една од државните награди за култура во согласност со Законот за културата, а тоа право го остваруваат 75 уметници и стручни работници за заштита на културното наследство, како и за 5 уметници кои имаат право на надомест како национални уметници во согласност со Законот за националниот уметник.

- **<u>Донесени други акти</u>**

1. Министерството за култура од една страна и Синдикатот за култура на Република Македонија и Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија од друга страна на 30.12.2019 година склучија *Колективен договор за културата.*
2. Основана е *Национална установа Албански театар за деца и млади Скопје.*

## 10. СЕКТОР ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Според евиденцијата на Секторот за управен и инспекциски надзор при Министерството за култура (**во натамошниот текст: МК**), во текот на 2019 г. биле извршени **вкупно 146 инспекциски надзори, од кои 26 редовни, 64 контролни и 56 вонредни надзори,** и тоа:

- **120** инспекциски надзори извршени во согласност со **Законот за културата** (26 редовни, 52 контролни и 42 вонредни), од аспект на работењето и наменското користење на средствата обезбедени преку МК од Буџетот на Република Северна Македонија, за програми/проекти од национален интерес во културата за периодот 2018 - 2019 г., во национални и во локални установи од областа на културата, единица на локална самоуправа, здруженија на граѓани и други правни лица **регистрирани за вршење соодветна дејност од** областа на културата, како и кај физички лица, сите корисници на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија преку МК;

**- 16** инспекциски надзори (9 вонредни и 7 контролни) извршени кај субјектите чиешто работење подлежи на надзор во согласност со **Законот за издавачката дејност и подзаконските прописи;**

- **6** инспекциски надзори (5 вонредни и 1 контролен) извршени кај субјектите чиешто работење подлежи на надзор во согласност со **Законот за филмската дејност и подзаконските прописи;**

**- 2** контролни инспекциски надзори извршени кај субјектите чиешто работење подлежи на надзор во согласност со **Законот за музеите и подзаконските прописи**;

**- 1** контролен инспекциски надзор извршен кај субјект чиешто работење подлежи на надзор во согласност со **Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата**;

- **1** контролен инспекциски надзор извршен кај субјект чиешто работење подлежи на надзор во согласност со **Законот за библиотеките и подзаконските прописи.**

За утврдените недостатоци, како и повреди на прописите од областа на културата, во текот на 2019 г. од страна на инспекторите за култура се издадени вкупно **46 решенија со наредба** за отстранување на утврдените недостатоци во определен рок, од кои: 42 по Законот за културата, 3 по Законот за издавачката дејност и 1 по Законот за филмската дејност, како и 17 други инспекциски мерки - покани за порамнувања и прекршочни платни налози - за сторени прекршоци според Законот за културата и еден за сторен прекршок според Законот за филмската дејност од страна на физички лица, одговорни лица и правни лица (забелешка: споредено со 14 прекршочни платни налози, издадени во 2018 г. во согласност со Законот за културата и Законот за библиотеките). По оваа основа, од реализираните прекршочни платни налози (13), наплатена е глоба во вкупен износ од **111.911,00 денари** како приход на Буџетот на РСМ во 2019 година, од кои 12.450,00 денари се врз основа на

платните налози издадени во инспекциските надзори извршени во 2018 година. Исто така, во 2019 г. до надлежниот Основен суд во Скопје се поднесени и **две барања за поведување прекршочна постапка** за сторени прекршоци според Законот за културата.

Како и во 2018 г., инспекторите за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор на МК во извештајниот период својата работа, односно вршење инспекциски надзор, ја остваруваа во согласност со следниве материјални законски прописи од областа на културата: Законот за културата („Службен весник на РМ“ бр. 31/1998, … 11/18), Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на РМ“ бр. 5/1998, … и 193/17); Законот за музеите („Службен весник на РМ“ бр. 66/04, … и 152/15), Законот за библиотеките („Службен весник на РМ“ бр. 66/04, … и 152/15), Законот за меморијалните споменици и спомен-обележја („Службен весник на РМ“ бр. 66/04, 89/08 и 152/15), Законот за филмската дејност („Службен весник на РМ“ бр. 82/13, … и 11/18), Законот за аудиовизуелните добра („Службен весник на РМ“ бр. 103/08, … и 154/15), Законот за издавачката дејност („Службен весник на РМ“ бр. 199/14 и 152/15), како и други подзаконски прописи од областа на културата.

Во 2019 година Секторот за управен и инспекциски надзор функционираше со две одделенија (Одделение за инспекциски надзор и Одделение за управен надзор и надзор над наменското користење на буџетски средства), со 12 систематизирани работни места и 13 извршители, со вкупно 6 (шест) вработени извршители, од кои 4 инспектори за култура надлежни за целата територија на РСМ.

## 11.СЕКТОР ЗА СЛЕДЕЊЕ, РАЗВОЈ И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА

Во согласност со поставеноста, Секторот за следење, развој и логистичка поддршка е составен од две одделенија - Одделение за логистичка поддршка и Одделение за државни награди.

Почнувајќи од 1.6.2018 година, Секторот беше преименуван од Сектор за стручна поддршка на министерот во Сектор за следење, развој и логистичка поддршка и до 1.11.2019 година функционираше во полн состав во делот на раководините структури, со раководител и помошник-раководител на Секторот и раководители на двете одделенија во рамките на Секторот. Координатор на Секторот е кабинетскиот службеник Оливера Ливриниќ.

### СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА СЕКТОРИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА

Главната цел на Секторот за следење, развој и логистичка поддршка е вршење административно-технички и организациски работи во Министерството за култура. Пред сè, изготвување извештаи за развој и логистичка поддршка на Министерството, презентации и медиумски кампањи за потребите на Министерството и на органите во негов состав; следење на печатени и електронски медиуми; проследување информации до претпоставените во врска со теми поврзани со културата кои се актуелни и предмет на анализи во медиумите и подготовка на материјали за доделување на државните награди.

Со оглед на тоа што Секторот за следење, развој и логистичка поддршка е нов Сектор при Министерството за култура, очигледно е дека методологијата за создавање таков Сектор не е градена врз основа на најдобрите практики, искуства, или како негова потреба, како долгогодишни државни службеници пристапивме кон користење странски искуства и позитивни практики кои дале резултат во многу други понапредни средини, изготвивме Стратешки план за следење на развојот на секторите во Министерството за култура, План за развој на организацискиот капацитет и логистичка поддршка, како и начин на работа во Министерството за култура, со цел да се постигне правилна евалуација во насока на мерењето на развојот на Министерството.

Изготвувањето на Стратешкиот план за следење на развојот на секторите во Министерството за култура има цел да овозможи скенирање на процесите, следење, анализа на капацитетите и на организациските потенцијали за работа во Министерството заради надминување на слабостите преку засилување на капацитетите и унапредување на процесите, а во функција на логистичка поддршка на Министерството. Овој документ е изготвен како резултат на задачите што произлегуваат од систематизацијата на работното место на раководителот на Секторот за следење, развој и логистичка

поддршка и подразбира механизам за мерење на развојот на Министерството и изготвување извештај за таа намена.

Во таа смисла, изготвувањето на овој стратешки план има суштинска улога за унапредување на работата на Министерството за култура. Исто така, овој документ нема цел да ги евалуира вработените во различни сектори и да дава оценки за нивното работење, туку негова цел е да го следи ефектот на различните сектори во работата, нивото на севкупниот перформанс во Секторите, но, пред сѐ, има цел да го следи развојот на процесите, со двоен бенефит, подобрување на вештините на вработените, перформансите на кадарот, како и потребите за унапредување на процесите за работа. Во таа смисла, Стратешкиот план одблизу ќе ги детектира слабостите и ќе понуди решенија и унапредување на начинот на организацијата на работата во Министерството за култура.

Овој документ е пилот-проект кој би се применил во Министерството за култура, а е изработен по примерот на развиените средини каде што јавните и државните установи перманентно го следат развојот на капацитетот на човечкиот потенцијал и во континуитет работат на подобрување и унапредување на процесите за работа.

Изготвениот документ беше доставен во Кабинетот на министерот (допис број 09-3105/1 од 8.03.2019 година), за жал, до денес, не добивме никаква насока ниту информација за него.

Покрај редовните задолженија, Секторот беше вклучен во систематизирање на материјалите што беа побарани од Министерството за култура за јавната расправа во Собранието која се однесуваше на Годишната програма за 2018 и 2019 година. За таа цел, заедно со координаторот на Секторот, Оливера Ливриниќ, Секторот ги собра сите барани материјали, ги систематизираше и со придружни писма ги достави до Собранието.

Исто така, Секторот беше задолжен и за изработка на материјалот за посетата на Папата на нашата држава. Материјалот беше собран од Кабинетот на претседателот на државата, од Град Скопје, како и од Комисијата за верски прашања. Посебен придонес даде и директорот на Националната установа Спомен-куќа на Мајка Тереза.

Раководителот на Секторот, исто така, е номиниран за координатор на инцјативи од Министерството кои треба да се постават во новиот ЕНЕР-систем. Системот досега не функционира, а за подготовките е остварена една обука за начинот како ќе функционира овој нов систем.

Од задолженијата, помошник-раководителот на Секторот, Билјана Ќулавковска, е задолжена со решение за претседател на Пописната комисија за книжевен фонд на Министерството за култура, а раководителот на Секторот, Маја Седрак, за претседател на Пописната комисија за попис на обврски, побарувања, каса сметки и аванси за 2019 година.

- **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА**

Одделението за логистичка поддршка е надлежно за задачи кои се однесуваат на подготвување на обраќања/материјали за учество на соодветни настани, соопштенија за јавноста и нивно поставување на електронската адреса на Министерството, следење на печатени и електронски медиуми и информирање на раководните структури на Министерството за секојдневните објави во медиумите од областа на културата, како и ажурирање и креирање на веб-страницата на Министерството.

Во изминатата година, Одделението за логистичка поддршка ги синтетизираше и ги обработуваше информациите за потребите на министерот поврзани со неговата севкупна застапеност во медиумите, како и во делот на меѓународната активност и средбите со дипломатскиот кор во земјава. Во оваа насока, во соработка со Секторот за меѓународна дејност, беа изготвени материјали со хронолошка експликација на досегашните релации на Министерството за култура со државите: Иран, Египет, Италија, Израел, Франција, Србија, Албанија, Бугарија, Црна Гора и други, чии амбасадори или официјални претставници остварија работни посети на Министерството за култура и се сретнаа со министерот.

Се изработуваа и говори за потребите на министерот за култура, како и соопштенија за реализираните настани, кои веднаш се пласираа до медиумите и се поставуваа на веб-страницата на Министерството за култура. Се изработуваа и испраќаа најави и соопштенија до медиумите, а Одделението за логистичка поддршка реализираше и подготовка на одговори на поставени прашања од страна на медиумите.

Одделението за логистичка поддршка секојдневно правеше и прес-клипинг со содржини објавени во медиумите и овие материјали по електронски пат се испраќаа до Кабинетот и до дел од вработените во Министерството за култура. Напомнуваме дека Одделението за логистичка поддршка врши целосно координирање на вестите и информациите што се поставуваат на веб-страницата на Министерството за култура.

Исто така, Одделението за логистичка поддршка секојдневно внесуваше и културни настани поддржани од Министерството за култура во посебен календар на настани поставен на електронската пошта eventi@kultura.gov.mk. Секојдневно се правеа и фотографии за дел од настаните поврзани со активностите на министерот за култура.

Во текот на 2019 година, Одделението за логистичка поддршка беше вклучено и во организацијата и медиумското известување на Четвртиот министерски форум за културна соработка меѓу Народна Република Кина и земјите од Централна и Источна Европа, чиј домаќин беше нашата држава.

- **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДРЖАВНИ НАГРАДИ**

Одделението за државни награди ги врши работите што се однесуваат на стручно-административна поддршка на одборите за доделување на државните награди: „Мајка Тереза“, „11 Октомври“, „23 Октомври“, „Св. Климент Охридски“, „22 Ноември“ и „Мито Хаџи Василев-Јасмин“, вклучувајќи закажување состаноци на одборите и на стручните комисии, изготвување записници од состаноците, поддршка со стручна и професионална помош од аспект на правни и економски прашања.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за државни награди („Службен весник на РСМ “ бр. 98/19), востановена е нова државна награда, „Мето Јовановски“, од областа на човековите права, која го носи името на основачот и прв претседател на Хелсиншкиот комитет. Во согласност со член 12 став 3 од Законот за државни награди и Законот за изменување и дополнување на Законот за државни награди („Службен весник на РСМ“ бр.52/06, 54/07, 54/12, 99/18 и 98/19), Претседателите и членовите на одборите ги именува Собранието на Република Македонија од редот на истакнати лица од областите за кои се доделуваат наградите. Мандатот на претседателите и на членовите на одборите трае две години.

Секторот за следење, развој и логистичка поддршка уредно го информриаше Собранието и побара да се формира одбор за наградата, но до денес не е формиран одбор и до Секторот не е доставена информација за неговиот состав. Следствено на тоа, наградата не беше доделена во 2019 година.

Исто така, Собранието веќе трета година не формира одбор за доделување на наградата „23 Октомври“. Последен пат наградата беше доделена во 2016 година.

## ДОБИТНИЦИ НА ДРЖАВНИ НАГРАДИ ВО 2019 ГОДИНА

Со државните награди, во согласност со Законот за државни награди, се оддава општествено признание за особено значајни остварувања од интерес на државата во областа на стопанството, науката, уметноста, воспитанието и образованието, културата, техничката култура, спортот, здравствената, социјалната и хуманитарната дејност, заштитата на човековата околина, публицистиката и новинарството. Наградите се доделуваат на поединци, групи творци, екипи, установи, трговски друштва и здруженија на граѓани.

- **ДРЖАВНА НАГРАДА „11 ОКТОМВРИ“**

Со наградата „11 Октомври“ се оддава највисоко признание за животно дело во областа на науката, уметноста, стопанството и во другите дејности од јавен интерес. Во една година може да се доделат најмногу до пет награди. Државната награда „11 октомври“ во 2019 година беше доделена на: академик Љупчо Коцарев, научен работник (од областа на науката); Петар Мирчевски, актер и Димитри Дурацоски, писател и ликовен уметник (од областа на културата и уметноста).

- **ДРЖАВНА НАГРАДА „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

Со наградата „Св. Климент Охридски“ се оддава највисоко признание за долгогодишни остварувања во областа на воспитанието, образованието, културата, уметноста, здравството, спортот, заштитата и унапредувањето на човековата околина и во социјалната дејност. Во една година може да се доделат најмногу до пет награди. Добитници на државната награда „Св. Климент Охрдиски“ во 2019 година се: проф. д-р Агим Пољоска, албанолог (од областа на образованието и воспитанието); Димитар Башевски, писател, Весна Ѓиновска-Илкова, оперски пејач и Виолета Томовска, естраден уметник (од областа на културата и уметноста) и д-р Дејан Докиќ, пулмолог алерголог (од областа на здравството).

- **ДРЖАВНА НАГРАДА „22 НОЕМВРИ“**

Со измените и дополнувањата на Законот за државни награди во 2018 година, беше воведена нова државна награда „22 Ноември“, која се доделува како признание за унапредување на меѓучовечкиот соживот и меѓусебното разбирање на припадниците на различните заедници, култури и вери. Во согласност со наградата, во една фискална година е предвидено да се доделат најмногу до две (2) награди кои би се состоеле од исплата на парични средства во износ од пет (5) просечни плати исплатени во последните три (3) месеци во тековната година во Република Македонија.

Наградата беше за првпат доделена во 2019 година, по остварени многубројни состаноци за конципирање на Правилникот на Одорот и изборот на идејното графичко и ликовно решение на наградата.

Први добитници на наградата „22 Ноември“ доделена во 2019 се: Давид Хосафлок - истражувач, историчар и хуманист; Кимете Агаи и Аднан Агаи - просветни работници.

Што се однесува на другите државни награди: „Мајка Тереза“, „23 Октомври“ и „Мито Хаџи Василев-Јасмин“, во 2019 година не беа доделени. Наградите „Мајка Тереза“ и „Мито Хаџи Василев-Јасмин“ не беа доделени со одлука на Одборот, која уредно беше доставена до Собранието и објавена во „Службен весник“, а државната награда „23 Октомври“ поради немање одбор за нејзино доделување веќе 3 години.